## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осумдесет и осмата седница на Собраниетона Република Македонија, одржана на 18 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа, ја отворам Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани, Андреј Жерновски, Никола Рилковски, Лазар Китановски, Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се во Собранието, а не се во салата да повелат да влезат во салата, започнавме со седницата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет.

Записникот од 70-тата седница од Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Дали има некој забелешки од записникот? (Нема)

Констатирам дека Записникот од 70-тата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Пратениците Трајко Вељановски и Силвана Бонева предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Итноста и неодложноста за ставање на оваа точка на денешната седница на дневниот ред се состои во тоа што потребно е зголемување на бројот на членовите во Комисијата за образование, наука и спорт и во Комисија за труд и социјална политика за да може да има соодветна застапеност од сите пратенички групи кои што партиципираат во комисиите во Собранието на Република Македонија и затоа предлагаме на оваа седница да биде ставена и оваа Предлог-одлука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците Трајко Вељановски и Силвана Бонева, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 60, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија побара Собранието на оваа седница да расправа само по предлогот за донесување на Законот за судска служба, поради што Собранието овој Закон ќе го разгледува како Предлог за донесување на закон.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија во однос на данокот од доход и данокот на капитал со Прелдогот на закон;

2. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на Буџет на Република Македонија за 2008 година;

4. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлогот на закон;

7. Извештај на Анкетната комисија за утврдување на околностите за настаните на Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани;

8. Предлог на Закон за сточарство;

9. Предлог за донесување на закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за судска служба;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата помеѓу Владата на

Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во областа на здравството и медицинските науки, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Литванија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија во однос на данокот од дохот и данокот од капитал, со Предлог на закон.

14. Интерпелација на министерот без ресор д-р Живко Јанкуловски;

15. Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот на радиодифузија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема)

Предложениот дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 63, воздржани 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорото меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнвуање на двојното одданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Сосема на кусо, СДС и пратеничката група ќе ја подржи ратификацијата на овој закон и во исто време сакаме да изразиме и разочарување зошто оваа ратификација не се најде побрзо на некоја од седниците на Собранието на Република Македонија, и да изразам протест дека очекувајќи министерот за финансии дека во иднина, водејќи се од своиете уставни и законски определби да работи во интерес на бизнис-заедницата и граѓаните на Република Македонија, нема да дозволи сопствените политички фрустрирачки мотиви за потпишување на ваков договор во присуство на Претседателот на државата понатаму да го спречува да вакви ситуации практикува.

Едноставно кажано, Република Македонија требаше овој договор да го има ратификувано порано. Тоа, за жал, не се случи, бидејќи, ако се сеќавате и министреот за финансии, веројатно по директива на неговиот шеф Груевски, а водејќи се од принципот на ВМРО- ДПМНЕ за кохабитација со Претседателот на државата одби да го потпише кога тука беше присутен и Претседателот на Република Австрија Фишер. Тоа покажува дека нема потреба да се меша политиката во вакви суштински есенцијални закони кои, на крајот на краиштата, придонесуваат за стимулирање на бизнис-односите помеѓу економските субјекти и сметаме дека овој закон ќе стимулира и подобрување на бизнис-релациите помеѓу заедниците во Македонија и Австрија.

Во таа смисла, сметам дека Владата на Република Македининија со многу повеќе такт и внимание ќе се однеува во јавноста и во односот со австриските инвеститори во Република Македонија, без разлика во која дејност тие работат, од проста причина што Република Македонија има интерес Австрија да биде сериозен економски инвеститор во Република Македонија, но воедно и да ја стимулира и подигне нивото на економска соработка помеѓу двете држави.

Токму од тие причини ќе дадеме подршка на Ратификацијата и се надеваме дека овој пример, на овој начин, за кој што говорев претходно ќе биде последен во историјата на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двнојното одданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 64, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 66, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Репупблика Македонија и Република Австрија за одбегнување на двнојното одданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Мекедонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претересот.

Предлогот на одлуката го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Репулика Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на Буџет на Република Македонија за 2008 година**

Предлогот на Буџетот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Го молам министерот за финансии Трајко Славески да го презентира Предлогот на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани претставници на медиумите,

Особена чест и задоволство ми е да го претставам Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година. Интеграцијата на земјата во НАТО и полноправно членство во ЕУ, целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор придружено со интензивирање на децентрализацијата од централно кон локално ниво, кохерентен долгорочен развој на земјата, кој вклучува повисок економски раст, создавање работни места и намалување на невработеноста и сиромаштијата, претставуваат клучни сеопфатни цели, прифатени од сите политички ентитети во земјата и уживаат безрезервна поддршка од граѓаните.

Водејќи се од јасно изразената определба на сите граѓани во Република Македонија и јасно изразениот консензус на сите политички субјекти за членство во НАТО и ЕУ, заедно трасиравме пат. Движењето по него ќе овозможи Република Македонија да доживее период на континуиран економски раст, да стане целосно интегрирана во глобалната економија, со значително посилни институции, меѓународно афирмирана како граѓанска, стабилна и демократска држава. Заедно треба да истраеме на овој пат и со заеднички сили успешно да се вброиме во редот на развиените европски држави. Пред нас стојат уште многу историски предизвици и уште многу задачи и обврски кои мора да ги исполниме на патот кон подобра иднина.

Почитувани пратеници,

Задоволство ми е да укажам дека економските резултати кои Република Македонија ги остварува во 2007 година, се најдобри во досегашниот период на транзиција и во суштина се приближно слични со оние во напредните земји во развој.

Во прилог на оваа констатација би изнел податоци за остварувањата на глобалната економија која, според проценките на Меѓународниот монетарен фонд во 2006 година, оствари пораст од 5,4%. Овој пораст воглавно беше резултат на растот на помалите земји во развој и на позитивните перформанси на гигантите како што се САД, Кина, Русија и Индија. Меѓутоа, во првото полугодие од 2007 година, на површина испливаа проблемите кои се резултат на глобалните нерамнотежи, првенствено дефицитот на тековната сметка на платниот биланс на Соединетите Американски Држави и суфицитите на тековните сметки на азиските земји извознички и земјите производители на нафта. Имајќи ги предвид последните случувања на пазарот на енергенсите и приближувањето до психолошката бариера од 100 долари за еден барел нафта, постои сериозен ризик од забавување на светскиот раст и зголемување на глобалното ниво на буџетските дефицити.

Она што е од особено значење за Република Македонија е дека во текот на 2007 година позитивни движења се остваруваат во сите сектори на економијата и тоа: реалниот, со досега највисок раст на Бруто домашниот производ (БДП) и вработеноста; надворешниот сектор, преку позитивните тенденции во секторот на надворешно-трговската размена; понатаму во фискалниот сектор, со значително натфрлање на планираните буџетски приходи. Ваквите позитивни движења укажуваат дека амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија, поддржана со дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика, веќе дава конкретни резултати.

Она што ми е особено драго да го истакнам се постигнатите резултати во подигањето на животниот стандард на граѓаните во 2007 година, како и отпочнатиот процес на намалување на невработеноста во Република Македонија, после долгогодишниот нагорен тренд. Имено, просечната исплатена нето плата во периодот јануари-септември 2007 година забележа висок раст од 6,6% номинално, а реалната за 5,1% што значи дека, и покрај порастот на цените, реалната куповна моќ на платите значително е

зголемена. Овде би ја истакнал и намалената стапка на невработеност (за 1,2 процентни поени), како и зголемениот број на вработени лица за 4,5%. Овие одлични резултати се постигнати без да се наруши дисциплинираната фискална политика, за што потврда се позитивните движења во монетарната сфера и екстерниот сектор (надворешниот сектор).

Позитивните движења во реалниот сектор изразени преку порастот на БДП од 5,5% за првата половина од 2007 година, не се должат единствено на порастот во еден или неколку сектори, туку истиот е диверзифициран и распределен во сите сектори. Следејќи ги светските текови, растот е најизразен кај услужниот сектор, при што создадената додадена вредност во трговијата на големо и мало е зголемена за 14%, во транспорт и комуникации за 11,1%, во градежништвото за 5% и во секторот финансиското посредување за 4,5%. Сето ова, како и растот на индустриското производство во периодот јануари-октомври 2007 година од речиси 4%, укажува дека иницијално проектираната стапка на раст од 6% ќе биде во целост исполнета до крајот на годината.

Важно е да се напомене дека позитивните економски движења во реалниот сектор се остварени во услови на ниска и стабилна инфлација, која за периодот јануари-ноември 2007 година изнесува 1,9%, што е нешто пониско ниво од очекуваното. Сепак, движењата во светот и регионот, главно изразени преку пораст на цената на суровините (вклучително и енергијата), како и на храната, придонесуваат за повисоки инфлаторни притисоци во втората половина од 2007 година. Најголем придонес кон општиот раст на цените има порастот на цените на храната од 2,9% кумулативно.

Почитувани, веке во светот почна да се мери посебна стапка на таканаречената инфлација на порастот на цената на храната. Оваа стапка, која се нарекув како што реков на инфлација на цените на храната, во еврозоната во истиот период, значи јануари - ноември оваа година изнесуваше 4,3%. Потсетувам во Република Македонија 2,9%. Во САД таа стапка на пораст на цените на храната изнесува 4,8%, а во велика Британија 5,1%. Во октомври оваа година, споредено со истиот период 2006 година, цените на храната во соседна Бугарија се зголемија за цели 26%, додека кај нас зголемувањето изнесуваше 8%.

Почитувани, глобалниот раст на цените на храната претставува сериозен предизвик за животниот стандард на граѓаните, за одржување на макроекономската стабилност и конкурентноста на домашната економија. Многу побогати замји од нашата се соочени со овие предизвици. Владата на Република Македонија е подготвена да одговори на овие предизвици.

И покрај овој притисок, релативно ниската стапка на општа инфлација во Република Македонија во периодот јануари - ноември, од 1,9% делумно резултат и на одредени мерки на Владата. Имено, намалувањето на данокот на додадена вредност за лековите, јавниот транспорт и компјутерската опрема, влијаеше во одредена мера врз намалувањето на стапката на инфлација, што го објаснува и фактот за релативно пониска стапка на инфлација во нашата земја споредена со регионот. Бројните мерки за субвенционирање на земјоделското производство, исто така ќе придонесат за амортизирање на инфлациските притисоци како во оваа, така и во наредните години. Според проекциите на Народна Банка на Република Македонија и Министерството за финансии, стапката на инфлација за 2007 година ќе изнесува околу 2%.

Растот во реалниот сектор е пресликан и во надворешниот сектор, при што за првите десет месеци од 2007 година растот на извозот изнесува 39%, додека растот на увозот е 36,4%. Како и кај реалниот сектор, така и во надворешниот сектор, растот е на широка основа, при што најголем е растот на извозот на основни метали (89,5%), на градежни материјали (33,9%), прехранбени производи и пијалоци (23,8%), облека (24,3%), производство на метални производи (27,8%), производство на машини и уреди (45%), итн. Намалување е забележано само кај секторот производство на нафта и нафтени деривати, како резултат на затворањето на косовскиот пазар за Рафинеријата ОКТА, проблем кој веќе е надминат со исполнувањето на стандардите за производство. Позитивните економски движења се поддржани и со силниот раст на увозот на инвестициски производи и интермедијарни добра од 34,7% што укажува на зголемена производна активност на претпријатијата во Република Македонија.

Ефектите од интензивираната економска активност почнуваат да се чувствуваат и во социјалната сфера. Така, стапката на невработеност пресметана преку Анкета на работната сила (дефиниција според ИЛО – Меѓународна организација на трудот) за вториот квартал од 2007 година изнесува 35,0%, што во однос на истиот период од 2006 година претставува намалување од 1,1 процентни поени. Бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување на крајот од октомври 2007 година изнесува 359,943 лица, што во однос на крајот на октомври 2006 година претставува намалување од 0,4%. Во рамките на овој број, 21% од регистрираните невработени лица доброволно се изјасниле дека се пријавуваат само заради обезбедување на бесплатно здравствено осигурување.

Почитувани, според сите светски стандарди и според дефиницијата на меѓународната организација на трудот овие лица не се сметаат за невработени лица.

Најголем дел од тие лица се неактивни или пак вработени во сивата економија. Владата на Република Македонија, во рамките на своите

надлежности, превзема мерки за намалување на нестандардно високата стапка на невработеност и преку средување на евиденцијата во Агенцијата за вработување и намалувањето на бројот на нерегистрираната вработеност. Покрај намалената невработеност, податоците од АРС покажуваат дека во вториот квартал на 2007 година е остварен досега највисок раст на бројот на вработени лица од 4,6% во однос на вториот квартал од минатата година. Оттука, стапката на вработеност е зголемена од 39,4% на 40,7% или за 1,3 процентни поени. Република Македонија се соочува и со мошне ниска активност на работоспособното население, што е особено неповолно имајќи предвид дека работната сила е важен производен фактор, но при тоа треба да се истакне дека стапката на активност на населението покажува тенденција на зголемување од 61,8% на 62,8%, односно за 1 процентен поен во овој период.

Покрај позитивните движења на пазарот на работна сила, во периодот јануари-септември остварен е висок номинален пораст на просечната плата од 6,6% што реално изнесува 5,1%, што во суштина претставува реален пораст на куповната моќ на населението, со соодветно влијание врз порастот на личната потрошувачка, како дел од БДП. Позитивни движења се остварени во намалувањето на бројот на лицата кои примаат плата со задоцнување за 2 процентни поени во однос на крајот на 2006 година, достигнувајќи 11,5%. Тоа ја подобрува економската положба на семејствата, но е и доказ за подобрените економски резултати на претпријатијата. Најдобар показател за зголемениот животен стандард се податоците од Државниот завод за статистика кои покажуваат дека покриеноста на вредноста на кошницата за исхрана и пијалоци со просечната исплатена нето плата е зголемена, односно во септември 2006 година, 73,4% од просечната плата се издвојувале за оваа кошница, додека пак во септември 2007 година само 70,6%. Со тоа, зголемен е делот од доходот кој им е на располагање на семејствата за покривање на други потреби.

Позитивните движења во реалниот сектор се поддржани и со движењата во монетарната сфера. Имено, во првите 9 месеци од 2007 година, се забележува ниско, но континуирано намалување на просечните пондерирани активни каматни стапки на комерцијалните банки со истовремено значително 40-процентно зголемување на долгорочните кредити за корпоративниот сектор (средства кои се користат за инвестиции), што е значителна поддршка за економската активност.

Од аспект на остварувањата во банкарскиот систем, вкупниот депозитен потенцијал на банките е зголемен за 23% во анализираниот период, што говори за зголемената доверба на населението во банкарскиот систем, како и повисоки приходи на граѓаните (под претпоставка да нема промена во маргиналната склоност кон штедење). Зголемениот депозитен потенцијал, надополнет со зголемената конкуренција на банкарскиот сектор (влез на Социете Генерал) и поактивната кредитна политика доведе до остварување годишна стапка на раст на кредитите кај приватниот сектор од 30%. Важно е да се напоменат две работи: првата е дека растот на кредитирањето во најголем дел е финансиран од порастот на депозитниот потенцијал на финансискиот сектор, значи се работи за „здрав„ раст, а второ дека и покрај вака високиот раст, нема опасност од презадолжување на населението. Имено, Република Македонија има мошне ниско стартно ниво во кредитирањето заради ниската активност на банките во изминатиот период, така што во 2006 година, учеството на кредитите во БДП изнесуваше само 21,1%. За споредба, растот на кредитирањето на приватниот сектор во соседните земји во 2006 година изнесуваше: Турција -36%, Романија 29%, Србија 26% и Бугарија 56%, а учеството на кредитите во БДП се движеше од 28% во Романија до 40% во Бугарија и во Србија (извор: Банк оф Аустриа).

Почитувани, лично мислам и тоа јавно го имам искажано, сметам дека без никакви негативни последици растот на кредитите во наредната и годините што следат во Република Македонија може да биде повисок и од оваа стапка што ја имавме достигнато од 30% годишно.

Што се однесува до јавните финансии, во периодот јануари-ноември 2007 година се забележува стабилно и прудентно водење на фискалната политика, согласно договорениот аранжман со Меѓународниот монетарен фонд и политиките на Владата. Притоа, важно е да се напомене дека беа преземени значителни фискални реформи, односно беше воведен концептот на рамен данок со единствена даночна стапка за персоналниот данок од доход и данокот на добивка од 12%, кои стапки за две недели, или за околу две недели ке се намалат на 10%, потоа намалување на ДДВ за земјоделските репроматеријали и механизација од 18% на 5%, како и даночни намалувања за лековите и медицинските помагала, компјутерите и компјутерската опрема, сончевите колектори и јавниот превоз.

Од особена важност е што во овој период и покрај значителните даночни реформи, даночните приходи забележаа раст поголем за 10% од планираниот, при што приходите од данокот на добивка надминуваат 50% од планираното.

Во споредба пак со 2006 година, вкупните даночни приходи оваа година, заклучно со месец ноември, се повисоки за цели 21%.

Ваквото зголемување на даночните приходи се должи на повеќе фактори од кои најважни се: значително зголемената економска активност во оваа година, зајакнатите активности на Управата за јавни приходи и Царинската управа, намалувањето на сивата економија, високиот

раст на профитабилноста на претпријатијата во 2006 година за 29,7% е зголемена профитабилноста на претпријатијата, но и промената на свеста кај граѓаните и правните субјекти за потребата од плаќање на даноците. Почитувани, ќе си дозволам да констатирам дека сме сведоци на воспоставување на еден општествен консензус меѓу граѓаните на Република Македонија дека обврските кон државата треба да се подмируваат. Стана непристојно и неприфатливо да се подлажува со даночните обврски. Радува фактот што младите генерации се особено нетолерантни кон сите индикации за евентуално поткраднување на државата преку неиздавање, на пример, на фискални сметки со цел прикривање на даночните обврски.

Ова се должи на фактот што е зголемена транспарентноста во трошењето на буџетските средства и сознанието дека подмирувањето на обврските кон државата придонесува за заедничкото добро.

Преземените фискални и структурни реформи во изминатиот период воопшто не ја нарушија макроекономската стабилност, што се потврдува и со континуираниот раст на девизните резерви. Така, за периодот јануари–ноември 2007 година, Народна Банка на Република Македонија откупи вкупно 420 милиони евра, а продаде 70 милиони евра од резервите, што имаше силен позитивен ефект врз нивото на девизните резерви. Имено, на крајот од ноември 2007 година, нивото на девизни резерви изнесува 1.457 милиони евра, што претставува 9,5% повеќе од крајот на минатата година, или 4,2 месечна покриеност на увозот. Разликата е од платениот долг спрема ММФ, спрема Парискиот клуб, спрема неколку кредити од Светска банка и спрема Европска инвестициска банка.

Веднаш би сакал да нагласам дека ваквата пресметка е заедничка на НБРМ, на Министерството за финансии и на Меѓународниот монетарен фонд. Според заедничките пресметки и очекувања, а во согласност со цврстата определба на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика, стапката од 4,2 месечна покриеност на увозот ќе се задржи и во наредниот период.

Би сакал да истакнам дека ова е првиот тест и потврда за успешноста на амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија, поддржана со дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика.

Потврда за подобрувањето на целокупното макроекономско окружување се и повисоките оценки кои Република Македонија во текот на годинава што изминува ги доби од страна на меѓународните рејтинг агенции: Стандард анд Поор'с, Фитцх и ЈЦРА. Имено, Стандард & Поор'с ја оцени РМ за 2007 година со ББ+/Стабилен изглед за странска валута и БББ-/Стабилен изглед за домашна валута; од страна на Фитцх РМ беше оценета со ББ+/Позитивен изглед за домашна и странска валута; и од страна на ЈЦРА со ВВ+/Стабилен изглед за странска и ВВВ-/Стабилен изглед за домашна валута.

Според овие извештаи се забележува подобрување на доделените оценки за кредитниот рејтинг, кое, пред сé, се должи на прудентната фискална политика и макроекономската стабилност на земјата, како и на континуираната економска и фискална стабилност и спроведувањето на сеопфатни структурни реформи насочени кон понатамошен економски развој. Доделените подобрени оценки за кредитниот рејтинг, исто така, го изразуваат и остварениот прогрес во политичката стабилност на земјата.

Според досега доделените оценки за кредитниот рејтинг, Република Македонија се наоѓа на едно скалило пред добивањето на инвестициски рејтинг.

Почитувани пратеници,

Имајќи ги во вид досегашните остварувања во различните сектори, сосема е извесно дека во 2007 година ќе биде остварена највисока стапка на раст на БДП во целиот транзициски период. Според проекциите, истиот тренд ќе продолжи и во следниот тригодишен период и тоа особено ќе резултира во подигање на животниот стандард на граѓаните во Република Македонија.

Основа за среднорочните проекции од квантитативен аспект, се остварувањата во изминатиот период, извршените анализи за потенцијалниот раст на БДП и индексот на таканаречените водечки индикатори. Квалитативната основа на проекциите се превземените структурни реформи во изминатитот период, како и планираните реформи за периодот 2008-2010 година, детално опишани во Прет-пристапната економска програма 2008-2010 година која Владата на Република Македонија на 1 декември ја достави до Европската комисија, по втор пат, а за прв пат овој документ го презентиравме минатата година.

Според овие претпоставки, во следниот тригодишен период ќе дојде до извесно забрзување на економскиот раст, со просечна стапка на пораст на БДП помеѓу 6 и 7%.

Почитувани пратеници,

Би сакал да се фокусирам на најважните мерки и реформи кои се во агендата на Владата за следните три години. Главните слабости или развојни јазови на македонската економија се поврзани со недоволната долгорочна меѓународна конкурентност на корпоративниот сектор и големиот удел на недоволно добро подготвена или нефлексибилна работна сила која не успева да одговори на потребите на пазарот за труд. Во современите услови на глобализација, македонскиот корпоративен сектор функционира во отворена економија, каде да се биде конкурентен е еден од основните предуслови за опстанок и развој. Врз овие основи

се креираат нови политики на конкурентност. Конкурентноста зависи од употребата на високо квалификувана работна сила, најнови технолошки достигнувања, современа комуникациска и информатичка технологија, а е тесно врзана со зголемување на продуктивноста. Би сакал да потенцирам дека Република Македонија има неискористен потенцијал за развој, односно неискористени производни фактори. Оттука, улогата на државата е да создаде поволно макроекономско и бизнис окружување во кое претпријатијата, водени од мотивот за максимизација на профитот, ќе го зголемуваат своето производство и продуктивност, давајќи поголем придонес кон растот.

Поаѓајќи од претходното, приоритети во агендата на Владата на Република Македонија за наредните години се:зајакнување на економската конкурентност на корпоративниот сектор, зголемување на атрактивноста на земјата за странските и домашните инвеститори, подобрување на квалитетот на образованието и обуките со цел тие ефикасно да одговорат на барањата на пазарот на труд, развивање нова и подобрување на постојната физичка инфраструктура, сврзана со транспортот, енергијата, информатичките технологии, животната средина, со цел да се поддржи економскиот раст и конкуреноста на земјата

Искористување на компаративните предности на земјата и создавање услови за подобра употреба на земјоделскиот потенцијал, преку подобро управување со земјиштето и воспоставување услови за безбедно производство на храна и трговија како и развој на туризмот, вклучително и културен туризам.

Создавање предуслови неопходни за ефикасно креирање и спроведување на политика на рамномерен регионален развој, вклучително и рурален развој во земјата.

Подобрување на квалитетот на јавните институции за спроведување на реформите и решителна борба против корупцијата.

Во наредниот период, почитувани, ќе се превземат интензивни реформи во повеќе сегменти на економската, правната и социјалната сфера, а во оваа прилика би сакал да се фокусирам на најважните мерки и активности кои се во агендата на Владата за следните три години.

Во насока на подобрување на бизнис окружувањето и понатаму ќе се продолжи со работа на подобрување на условите за влез на пазарот, односно основање на претпријатија.

Владата на Република Македонија продолжува со примена на мерки за понатамошно олеснување на процесот на отпочнување на бизнис во Република Македонија. Така, покрај намалените трошоците за регистрирање и скратување на времето за регистрација, во иднина ќе се продолжи со понатамошно намалување на истото на само четири часа. Исто така ќе се овозможи електронско основање на претпријатија, како и електронски начин на доставување на финансиските извештаи во Централниот регистар. Ваквата постапка ќе овозможи уште поедноставен начин на отпочнување на бизнис, со истовремено подобро евидентирање на економската активност на претпријатијата. Во процесот на отстранување на пречките за брз излез од пазарот, односно уреден стечај и ликвидација на претпријатијата, значителни резултати се постигнати со новата регулатива во областа на стечај и ликвидација. Во претстојниот период предвидени се бројни активности за обука и едукација на стечајните управници. За зајакнување на професионалните и етичките стандарди на стечајните управници за прв пат е основано нивно стручно здружение, Комора на стечајни управници. Во насока на подобрување на процесот на излезот на пазарот ќе продолжат реформите во областа на стечајните и ликвидациските постапки и реформите во судскиот систем, со практична имплементација на сите донесени закони, јакнење на независноста и ефикасноста на судството. Во текот на 2008 година ќе биде воведен и едношалтерски систем за затворање на бизнис, со што ќе се забрза постапката и ќе се намалат трошоците за уредно излегување од пазарот, односно затворање на претпријатија. Во 2008 година ќе продолжи работата на проектот регулаторна гилотина, чија цел е преку ревидирање и преиспитување на постојните прописи со цел поедноставување и укинување на бирократските процедури и формалности кои се непотребни, неприменливи, скапи, одземаат време, ресурси и ја зголемуваат можноста за бирократија и корупција. Предмет на ревидирање и преиспитување се околу 2000 прописи (закони и подзаконски акти), чие поедноставување веќе значително придонесува за релаксирање на бизнис климата и намалување на административните трошоци на претпријатијата.

Исто така, Владата ќе донесе законска рамка за воведување на механизмот за проценка на влијанието на новата регулатива (Регулаторѕ Импацт Ассессмент), со кој ќе се оценува влијание врз деловниот сектор на секој нов пропис, пред да влезе во владина процедура. На овој начин, ќе се обезбеди поголема транспарентност при подготовката на новата регулатива и нејзина предвидливост, како и активно инволвирање на сите заинтересирани страни преку редовен и добро структуриран дијалог со приватниот и граѓанскиот сектор.

Непостоењето на единствен регистар на имот (Катастар) во Република Македонија, многу години наназад внесуваше правна несигурност кај инвеститорите и беше една од главните пречки за недостаток од инвестиции. Токму затоа, регистрацијата на имотот и заштитата на сопственичките права е врвен приоритет за Владата на Република Македонија. Согласно усвоениот план за воспоставување катастар на недвижности во 2007 година, до крајот на 2009

година интензивно ќе се спроведува постапката на систематско запишување на правата на недвижностите. До октомври 2007 година, во 68% од вкупниот број на катастарски општини во Република Македонија е воспоставен катастар на недвижности, до крајот на 2008 година се очекува овој процент да изнесува 82%, а до крајот на 2009 година да биде покриена целата територија на Република Македонија. Со регистрирањето на имотот ќе се сведат на минимум проблемите во однос на сопственичките права.

Малите и средни претпријатија се доминантен вид на претпријатија во македонската економија и нивното учество во вкупниот број на претпријатија изнесува 98,8%. Основна цел на Владата на Република Македонија е да создаде подобри услови за развој на малите и средните претпријатија, преку следните мерки: Јакнење на Фондот за развој на човечки ресурси со цел унапредување на обуката на менаџерите во претпријатијата.

Кофинансирање во нови Бизнис центри во општините, со што малите претпријатија ќе имаат на располагање заедничка инфраструктура со цел да се намалат оперативните трошоци на работење; Формирање на нови бизнис инкубатори; Подигање на свеста за правата на интелектуална сопственост; Активности во врска со доживотно учење и претприемништво, итн.

Владата на Република Македонија е свесна за најголемиот проблем во нашата држава односно невработеноста, па затоа огромен труд и средства се алоцираат за решавање на овој проблем. Мерките и политиките кои ги спроведува Владата на Република Македонија за намалување на невработеноста се составени како од мерки на страна на понудата (супплѕ сиде меасурес) така и од мерки на страна на побарувачката (деманд сиде меасурес). Во рамки на мерките на страна на понудата, Владата на РМ превзема значителни реформи во областа на образованието заради зголемување на квалитетот и квантитетот на човечкиот капитал и приближување до современите економии засновани на знаење. Во таа насока, реформите се спроведуваат како во системот на формалното образование (основно и средно), така и во неформалното образование, стручното и доживотното учење. Секако обуката и тренингот организирани преку Агенцијата за вработување се значајни за подобрување на квалификациите на новата работна сила. На страната на побарувачката, мерките се воглавно насочени кон подобрување на бизнис климата во Република Македонија, односно мерките за олеснување на влезот и излезот на пазарот, даночни реформи во насока на намалување на даноците со цел да се ослободи поголем капитал за инвестирање, како и намалување на трошоците за работна сила, почитување на сопственичките права, итн.

Владата на Република Македонија е свесна дека најдобра инвестиција за остварување на одржлив економски раст е образованието. Реформските активностите во оваа област се насочени кон создавање на образовни програми соодветни на барањето на пазарот на трудот и јакнење на конкурентноста на економијата. Во таа насока веќе се направени измени во курикулумите во основното образование во насока на нивно модернизирање, односно задолжително изучување на англискиот јазик од прво одделение и втор странски јазик од шесто одделение, како и воведување нов предмет за запознавање на младите со бизнис средината. Понатаму, од учебната година 2007/2008 е воведено задолжително средно образование, значителни измени се прават и во системот на стручно образование заради зголемување на неговата поврзаност со бизнис секторот, воведување на унифицирана матура, а се развива и системот на доживотно учење.

Република Македонија мора да артикулира јасна визија за тоа како јавната администрација и јавни служби ќе му бидат од полза на општеството и како ќе создадат јавна вредност и изградат капацитет еднаков не само на сегашниот квалитет на јавната администрација во земјите-членки на Европската унија, туку еднаков и на идното ниво на овие служби. И во наредниот период Владата ќе настојува да обезбеди натамошно усовршување на државните службеници, мотивирање за попродуктивно работење и подобро опслужување на населението и приватниот сектор. Институционално подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети како и подобрување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата се приоритет на Владата за 2008 година.

Една од основните причини кои во изминатиот период на транзиција и донесоа лоша меѓународна репутација на Република Македонија и екстремно негативно се одрази на бизнис окружувањето, што од своја страна придонесе за одвраќање на домашните и странските инвеститори заради зголемените трошоците и ризиците за водење на бизнис, како и трошоците за живот на македонските граѓани и довербата на јавноста во системот, е високата стапка на корупција и недостигот од транспарентно владеење. Затоа и во наредниот период ќе се продолжи со мерки и активности за создавање на амбиент на нула толеранција кон корупцијата и претворање на корупцијата од ниско ризична и високо профитна во високо ризична и ниско профитна дејност.

Покрај домашните инвестиции, Владата и понатаму ќе настојува да привлече големи и познати светски брендови кои ќе доведат до технолошки трансфер, поголема вработеност, како и до познатиот мултипликативен ефект врз локалните бизниси.

Реформските активности кои ќе бидат превземени во наредниот период, како и бројните активности на Владата на Република Македонија за поттикнување на странските директни

инвестиции се основа за проекциите за висок економски раст во наредните три години, од 6% до 7%.

Притоа, поттикнувач на економскиот раст, од аспект на расходната страна на БДП, ќе бидат личната потрошувачка и инвестициите (особено странските директни инвестиции - СДИ).

Во изминатиот период, фокусот на Владата беше ставен на привлекување на странски директни инвестиции, кои се неопходни за поттикнување на економски раст и развој. Конкретни резултати веќе се чувствуваат, при што значајно е дека инвестициите се диверзифицирани во речиси сите економски сектори. Ќе ги спомenам овде позначајните инвестиции: во земјоделскиот сектор - шведската млекара Сњедмилк, хрватскиот Агрокор, израелскиот Солигруп, хрватскиот Дукат, во индустријата се присутни Јохнсон Цонтролс и Јохнсон Маттхеs, во трговијата – ЕРА Цитs, во секторот транспорт и комуникации – тоа е третиот мобилен оператор ВИП, а во финансискиот сектор – Сосиете Женерал и Триглав осигурување. Во периодот јануари–август 2007 година, вкупните директни инвестиции изнесуваат 95 милиони евра, додека до крајот на 2007 година очекуваме инвестиции да изнесуваат 213 милиони евра.

Сепак, најголем дел од инвестициите очекуваме да се реализираат во наредните години, кога мерките и активностите на Владата на Република Македонија целосно ќе се ефектуираат (стапката на рамниот данок ќе изнесува 10%). Притоа, според заедничките проекции на НБРМ, Министерство за финансии и Меѓународниот Монетарен Фонд, странските директни инвестиции во РМ ќе изнесуваат 282 милиони евра во 2008 година и околу 330 милиони евра во 2009 година. Повторно ќе нагласам дека инвестициите влегуваат во сите економски сектори, што не само што го поттикнува економскиот раст, туку го прави и одржлив. Од производен аспект, главен двигател на растот ќе бидат услугите, поради нивното доминантно учество во создавањето на БДП, а нешто понизок пораст се очекува од индустриското производство, со што ќе дојде до понатамошна промена на структурата на домашното производство слично на развиените западни земји. Придонесот на личната потрошувачка во растот на БДП за периодот 2008-2010 се очекува да се движи помеѓу 3,5 и 4 процентни поени (п.п.). Ваквата претпоставка се базира на седното:

Проектиран пораст на нето платите од 7,5% во наредниот период, како резултат на порастот на платите во јавниот сектор од 10% годишно и пораст на платите во приватниот сектор, кој ќе го следи растот на продуктивноста; пораст на вработеноста за 4% просечно годишно; пораст на кредитирањето на населението од 30% годишно; чекувано стабилно ниво на приватни трансфери.

Во насока на пораст на личната потрошувачка ќе делува и понатамошното намалување на персоналниот данок на доход од 12 на 10% во 2008 година.

Во согласност со заложбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика (дефицит на општиот владин буџет не повисок од 1,5% од БДП), придонесот на јавната потрошувачка во БДП во идниот период ќе се движи помеѓу 0,5 и 1 п.п., а во наредниот период се очекува и зголемување на процентот на искористување на капиталните инвестиции кои би придонеле за поинтензивен раст на БДП. Согласно интензивираната реформска агенда на Владата на Република Македонија, подобрената бизнис клима, очекуваното членство во НАТО, како и очекувањето за започнување преговори со ЕУ, во наредниот период се очекува интензивирање на инвестициските активности. Намалувањето на данокот на добивка од 15% на 12% во 2007 година и на 10% од 2008 година, како и ослободувањето на оданочувањето на реинвестираната добивка, претставува дополнителен импулс за поголема инвестициска активност. Така, во периодот 2008-2010 се очекува бруто инвестициите просечно да растат помеѓу 13 и 16% со придонес во растот од околу 2 до 2,5 п.п. Земајќи ја во предвид увозната зависност на македонската економија, значително високиот очекуван прилив на странски директни инвестиции, како и очекуваната експанзија на личната потрошувачка, се очекува придонесот на нето извозот во идниот период да биде негативен, но стабилизиран на ниво од -1,5 до -2,0 п.п. Висок раст на увозот е неопходен за остварување на повисоки стапки на економски раст, кој тренд е присутен кај напредните земји во транзиција. Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, а особено зголемената економска активност на малите и средни претпријатија, односно остварувањето на подинамични стапки на економски раст (од 6-7% на среден рок), ќе придонесат за пораст на вработеноста од околу 4% на годишно ниво во анализираниот период, со истовремено намалување на стапката на невработеност за 1,5 п.п. Исто така, високиот економскиот раст ќе овозможи и натамошни фискални и структурни реформи во насока на подобрување на бизнис окружувањето, подобрување на инфраструктурата и капацитетот на јавните институции.

Почитувани пратеници,

Би сакал сега поконкретно да се задржам на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2008 година кој го отсликува континуитетот на активностите на Владата на Република Македонија во остварувањето на амбициозните програмски цели за забрзување на економскиот раст, подобрување на животниот стандард на населението, зголемување на вработеноста, засилена борба против корупцијата и интензивирање на интеграциските процеси во ЕУ и НАТО.

Поставените цели на фискалната политика изразени преку Буџетот на РМ за 2008 година и

понатаму остануваат непроменети, во целост дизајнирани во функција на заживување на економскиот раст, одржување на макроекономската стабилност, стабилизирање на нивото на јавниот долг и релаксирање на монетарната политика. Определбата за дисциплинирана фискална политика и фискална одржливост, како и тековните макроекономски и буџетски остварувања, беа предмет на преговорите со мисијата на Меѓународниот монетарен фонд во насока на понатамошна имплементација на структурниот аранжман, кој го поддржува континуитетот на реформските процеси во фискалната 2008 година. При тоа политиката на рационално трошење на буџетските средства, како карактеристика на буџетската политика за 2008 година има за цел постигнување на фискална одржливост на среден рок.

Буџетот на Република Македонија за 2008 година е конципиран врз основа на проектираните основни макроекономски индикатори за 2008 година, Програмата на Владата на РМ, утврдените таргети во аранжманите со ММФ и Светска Банка, како и врз основа на реализацијата на Буџетот на РМ во текот на 2007 година.

Во Буџетот на Република Македонија за 2008 година (кој во себе го вклучува централниот буџет и буџетот на фондовите), вкупните приходи се планирани на ниво од 128.740 милиони денари, а вкупните расходи се утврдени во износ од 134.280 милиони денари. При тоа фискалната рамка и понатаму останува непроменета, односно буџетскиот дефицит е планиран во износ од 5.540 милиони денари, што претставува 1,5% од БДП. Ова ниво на дефицит е резултат на планираниот дефицит на основниот Буџет во износ од 2.845 милиони денари (0,8% од БДП), дефицитот на Фондот за патишта во износ од 1.292 милиони денари (0,3%) и дефицитот по основ на задолжувања на буџетските корисници за пооделни проекти во износ од 1.353 милиони денари (0,4%).

Во структурата на вкупните приходи во Предлог Буџетот на Република Македонија за 2008 година, даночните приходи и придонесите учествуваат со 107.287 милиони денари односно 83,3%.

Даночната политика за 2008 година отсликана преку Буџетот на Република Македонија се базира на планираните макроекономски индикатори, одличната реализација на даночните приходи во текот на годината и континуитет во спроведувањето на даночните реформи изразени преку натамошно намалување на даночното оптоварување, како еден од приоритетите на Владата. Во 2008 година продолжуваат реформите во даночната сфера во насока на хармонизирање на нашиот даночен систем со современите даночни системи, подобрување на деловниот амбиент заради привлекување на странски инвестиции, зголемување на вработеноста, ефикасно утврдување и наплата на даночните приходи како и борба против даночните измами. Потврдената практика во земјите во транзиција на ефикасни даночни системи со транспарентни, едноставни и ниски даноци ги даде очекуваните резултати во текот на 2007 година и истите ја оправдуваат определбата за натамошно намалување на даночното оптоварување во 2008 година, како еден од основните предуслови за економски напредок.

Имено за постигнување на овие цели, во сферата на даночната легислатива од 1-ви јануари 2008 година ќе започне примената на пропишаната намалена даночна стапка, односно рамен данок од 10% кај данокот на добивка и персоналниот данок на доход. Во насока на хармонизација со директивите на ЕУ кај Законот за добивка се предвидува редуцирање на видовите приходи кои потпаѓаат во групата на приходи кои се оданочуваат со данокот по задршка. Во оваа група на приходи кои треба да се редуцираат спаѓаат приходите од забавни или спортски активности, приходите од наем на подвижни и недвижни добра, приходите во форма на награди добиени во Република Македонија, како и приходите од технички, административни и други услуги.

Почитувани, за ова малку повеке на една од наредните точки од дневниот ред, на предложените измени на Законот за добивка.

Согласно Стенд-бај аранжманот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународниот монетарен фонд, во рамките на даночните реформи од април 2008 година предвидено е да започне интегрираната наплата на социјалните придонеси, а од јули 2008 година хармонизација на минималните основици за плаќање на социјалните придонеси. Согласно аранжманот предвидено е да се изготви и Стратегија за усогласување на основиците на кои ќе се пресметуваат социјалните придонеси и персоналниот данок на доход. Целта на ваквата реформа е намалување на даноците на работната сила, продолжување на борбата против сивата економија, подобрување на деловното окружување, поедноставување на даночното оптеретување на фирмите и стимулирање на вработеноста.

Во областа на индиректното оданочување кај Законот за акцизите предвидено е укинување на извозните бандероли на цигарите со што ќе се поттикне извозот на овие производи и ќе се олеснат извозните процедури.

Во 2008 година се планира подготовка на нов Закон за игри на среќа и забавните игри, со кој ќе се овозможи надминување на досегашните проблеми, ќе се до уредат и појаснат одделни состојби во реализирањето и примената, и ќе се изврши натамошно усогласување со европското законодавство.

Планираното намалување на даночните стапки во 2008 година ќе се надомести со зголемување на ефикасноста во работењето на Управата за

јавни приходи и Царинската управа, што во суштина се базира на поголемо почитување на правилата, поефикасни системи за собирање на даноци, подобро спроведување на контролите и ефикасна интервенција, со цел навремено откривање и надминување на даночните проневери и измами. Ова ќе се постигне и со планираната модернизација и јакнење на техничката основа и институционалниот капацитет на Царинската управа со помош на ангажирање на меѓународно призната и искусна консултантска куќа во областа на царинското работење. Воведувањето на софистицирана опрема за рентгенско скенирање на граничните премини и зголемената соработка помеѓу Царинската Управа и Управата за јавни приходи во откривањето на нелегалниот увоз и даночната евазија, ќе дадат свој придонес во зголемувањето на ефикасноста во наплатата на даночните и царински приходи.

Проекцијата на приходите на социјалните фондови за 2008 година се утврдени имајќи ги во предвид остварените движења во 2007 година, проектираните макроекономски индикатори за 2008 година, продолжување на процесот на хармонизација на основиците за наплата на социјалните придонеси, ефектите од намалувањето на стапката на персоналниот данок и зголемената даночна дисциплина и контрола. Врз овие основи е планирано да се наплатат придонеси во износ од 22.500 милиони денари по основ на пензиско инвалидско осигурување, 9.234 милиони денари од здравствено осигурување и 1.457 милиони денари од осигурување по основ на невработеност.

Во структурата на вкупните расходи сеуште во значителен износ доминираат тековните расходи и тоа 84%, додека капиталните расходи учествуваат со 16%.

Во рамки на тековните расходи кои се планирани на ниво од 112.931 милиони денари, 47% (53.057 милиони денари) се однесуваат на законските обврски за исплата на пензии, социјални надоместоци, надоместоци за невработени и услугите во здравствената заштита.

За исплата на пензии по сите основи (редовни, земјоделски, воени, реформа на јавна администрација, ретроактивна исплата на корисници на пензија кои биле вработени во органите за внатрешни работи) се обезбедени 28.488 милиони денари. Овие средства ќе бидат наменети за исплата на пензии на околу 279.000 пензионери.

За исплата на паричен надоместок по основ на невработеност преку Агенцијата за вработување, планирани се средства во износ од 1.576 милиони денари кои ќе бидат наменети за исплата на паричен надоместок на околу 24.500 невработени лица, согласно законските прописи.

За финансирање на здравствените услуги и за исплата на надоместоци по основ на боледувања обезбедени се 16.264 милиони денари. Во здравствениот сектор се очекува да продолжат реформските процеси во насока на економично и ефикасно користење на средствата на корисниците, како и обезбедување на поквалитетни здравствени услуги.

За исплата на плати и надоместоци на вработените на централната власт планирани се 24.431 милиони денари, односно 21,6% од тековните расходи, во кои се вклучени ефектите од планираното зголемување на плати од 01.10 2008 година и доекипирање на органите на централна власт согласно Националната програма за усогласување со европското законодавство, при што платите на вработените во образованието, културата, детската и социјална заштита во општините кои преминаа во втората фаза од децентрализација се вклучени во блок дотациите.

Покрај законските обврски, во рамките на тековните расходи планирани се и средства за поддршка на приоритетни и реформски активности и тоа:

Во областа на земјоделието, како финансиска поддршка на индивидуалните земјоделци планирани се средства во износ од околу 2.700 милиони денари или 45 милиони евра, преку обезбедување на субвенции во земјоделието и руралниот развој;

За привлекување на странски инвестиции преку зајакнување на Буџетот на Агенцијата за странски инвестиции, кој е планиран во износ од 219 милиони денари од кои 81,8 милиони денари ќе бидат наменети за ангажирање на промотори, а околу 42 милиони денари за реализација на промотивни кампањи;

За унапредување на деловни активности, преку поддршка на мали и средни претпријатија, за која намена планирани се средства во износ од 29 милиони денари и 200 милиони денари наменети за реализација на проектот Топ менаџери и Проектот за подигање на конкурентноста на приватни компании;

Следна од овие намени што сакам да ги истакнам е унапредување на информатичкиот развј, за што се планирани средства во износ од 87 милиони денари за поддршка на проектот МАРНЕТ, универзитетската комјутерска мрежа.

Како финансиска поддршка на Оперативниот план за активни мерки за вработување, планирани се средства во износ од 84 милиони денари како континуитет на активностите кои оваа Влада ги превзема на полето на вработувањето. Би сакал да потенцирам дека финансиската поддршка од буџетот која се обезбедуваше во текот на оваа година во износ од 67 милиони денари, планираната поддршка во наредната година во износ од 84 милиони денари како и реализацијата на Проектот самовработување во износ од 360 милиони денари кои се обезбедија од неискористените средства во тековниот буџет и со ваше разбирање почитувани пратеници, секако дека во

голема мера ќе придонесат за намалување и ублажување на проблемот на невработеноста.

Со цел продолжување на започнатите реформи во катастарот, судството, социјалната заштита, здравството и образованието, развојот на општините, рехабилитација на наводнувањето и унапредувањето на деловното окружување, ефикасното искористување на кредитните средства наменети за овие реформи ќе дадат соодветен придонес во реализација на стратешките приоритети и цели на оваа Влада.

Во структурата на вкупните расходи продолжува трендот на зголемување на капитални инвестиции присутен во последните неколку години, изразен преку зголемување на нивното учество како во вкупните расходи на Буџетот така и во Бруто домашниот производ. Имено капиталните расходи во 2006 година се реализирани на ниво од 4,1% од БДП, со последниот Ребаланс на Буџетот за 2007 година планирани се на ниво од 4,3%, а со Предлог Буџетот на Р.М. за 2008 година истите се планирани на ниво од 5,9% од планираниот БДП за наредната година. Тоа значи дека во наредната 2008 година капиталните расходи ќе остварат пораст за 1,8 процентни поени повеќе, споредено со 2006 година. Ваквата проекција на капиталните расходи за наредната година се должи пред се на цврстата определба за подобрување на расходната структура на Буџетот, со посебна нагласеност на развојна компонента. Планираните капитални расходи за 2008 година воглавно ќе бидат наменети како поддршка на реализацијата на проектите во следните области:

Во образованието - за набавка на компјутери во износ од 740 милиони денари, поправка на санитарни јазли во основните и средните училишта во износ од 250 милиони денари, изградба на училишни спортски сали во износ од 400 милиони денари, реконструкции и изградба на основни и средни училишта во износ од 550 милиони денари, набавка на училишни клупи во основните и средни училишта во износ од 30 милиони денари и др;

Во здравството за набавка на медицинска опрема, опрема за видео надзор и воведување на електронска здравствена картичка, за што ќе се употребат 180 милиони денари преку Министерство за здравство и 370 милиони денари преку Фондот за здравствено осигурување, како и инвестиции за реконструкција на клиниките за што се планирани средства во износ со 230 милиони денари.

Во патната инфраструктура, преку Фондот за патишта, ќе се реализираат инвестиции во износ од 4.300 милиони денари, од кои 2.500 милиони за довршување на Обиколницата Скопје и за започнување на изградба на патните правци Табановце - Куманово, Демир Капија - Смоквица, (за кои се користат странски кредити од Светска банка ЕИБ и ЕБРД), 585 милиони денари се сопствени инвестиции за изградба, се мисли од домашни извори, на трета лента на Плетвар, Ски Центарот Кожув и Радовиш - Струмица, 500 милиони денари за локални патишта, 360 милиони денари за реконструкција и сигнализација на делници на магистрални и регионални патишта, 170 милиони за инвестиционо одржување и 200 милиони денари за подготовка на проекти и физибилити студии за Коридор 8 (делници на потегот Куманово-Крива Паланка, Кичево-Ќафасан), како и изготвување нови проекти за повеќе делници (Штип-Делчево, Велес-Прилеп, Миладиновци-Св.Николе-Штип, Прилеп-Битола, Битола-Расен-Охрид, Битола-Меџитлија).

Во полицијата за реализација на планираните реформи во 2008 година е пердвиден износ на средства од околу 800 милиони денари;

Реформи во Царината во износ од околу 380 милиони денари (ангажманот на Цроњн Агентс, консултанска кука, набавка на рентгени и воведување нови софтверски решенија);

Инвестиции во слободни економски зони средства се предвидеи во износ од 330 милиони денари;

Купување на амбасади во Буџетот што се предлага следства во износ од 1.200 милиони денари;

Капитални инвестиции преку Министерството за транспорт и врски во износ од околу 750 милиони денари, и тоа за реконструкција на мостови, санација на свлечилишта, водоснабдителни и канализациони системи во Прилеп, Тетово, Св. Николе, Маврово, Ростуше, како и трансфери за железничката инфраструктура;

Капитални инвестиции во областа на културата во износ од околу 400 милиони денари, во што влегуваат проектите за Стариот театар, Тврдината Кале, Музеј на вода во Охрид, Универзитет Плаошник, Тетовското Кале, локалитет Скупи и Стоби, 60 томско издание, преводи на дела од нобеловци, Библиотеката во Тетово, Театарот во Велес, конзерваторски центар во Гостивар, реставрација на куќата на Мајка Тереза, како и Музејот на ВМРО и жртвите на комунизмот);

Изградба на спортски сали и игралишта преку Агенција за млади и спорт во износ од 180 милиони денари;

Реконструкција на казнено поправни домови во износ од 200 милиони денари;

Поддршка на рамномерен регионален развој преку инвестиции во инфраструктурни проекти во износ од 300 милиони денари.

Почитувани, реализацијата на планираните капитални расходи во услови на подобрени процедури за јавни набавки ќе дадат значителен придонес во отварањето на нови работни места и интензивирање на економската активност.

За финансирање на ова ниво на расходи и навремено сервисирање на обврските по главнина од домашно и странско задолжување во износ од околу 7.000 милиони денари, планирани

се приливи во Буџетот на Република Македонија во износ од околу 12.523 милиони денари и тоа од: странско задолжување во износ од 5.000 милиони денари, 4.000 милиони денари по основ на ново нето домашно задолжување и повлекување на депозитите на Буџетот во НБРМ во износ од околу 3.500 милиони денари.

Во рамките на проекциите за наредниот среднорочен период би сакал да истакнам дека планираните приходи и расходи го одржуваат ниското ниво на дефицит од околу 1,5% од планираниот БДП, како и јасно дефинирано фискално сидро, кое ќе обезбеди зголемување на кредибилитетот на државата, бенефиции од економските постигнувања и значителна поддршка на режимот на фиксен девизен курс. При тоа приходите на Буџетот на Република Македонија во периодот 2008-2010 година ќе бележат релативно намалување како учество во БДП и тоа од 35,3% во 2007 година на 33,8% во 2010 година, пред се како резултат на намалувањето на даночното оптоварување, кое пак соодветно обезбедува простор за ослободување на расположливи средства во приватниот сектор и нивно насочување кон зголемени инвестиции и нови работни места. Во услови на рационално управување со јавните финансии согласно планираните политики и ниското ниво на дефицит вкупните расходи во наредниот период ќе остварат намалување на своето учество во БДП од 36,8% во 2007 на 35,3% во 2010 година.

Согласно методологијата за пресметување на јавниот долг на Република Македонија според која јавниот долг на Република Македонија го сочинуваат државниот долг и сите финансиски обврски создадени преку задолжување на општините и градот Скопје, како и на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата во наредниот среднорочен период се предвидува да се движи во рамките на утврдените таргети.

Вкупниот јавен долг на Република Македонија споредено со декември 2006 година бележи намалување од 257.8 милиони евра и заклучно септември 2007 година изнесува 1.498,1 милиони евра односно 27,7% во однос на БДП. Почитувани, и претходно беше истакнато од страна на Владата на Република Македонија, дека со ова Република Македонија влегува во групата на ниско задолжени земји. Ова намалување се должи на активните мерки за управување со јавен долг во текот на 2007 година, пред сé на извршените операции на предвремениот откуп на долгот кон Парискиот клуб на кредитори, дел од кредитите кон Меѓународната банка за обнова и развој, дел од кредитите на Европската инвестициона банка и предвремен откуп на Обврзницата за санација на Стопанска банка. Покрај намалувањето на обемот на долгот, операциите на предвремен откуп на долгот влијаеа и на подобрување на портфолиото на јавниот долг од аспект на каматна, валутна и рочна структура, а со тоа и намалување на изложеноста на портфолиото на пазарните ризици, како и на ризикот од рефинансирање.

Почитувани пратеници,

Предлог Буџетот за 2008 година ќе обезбеди финансиска поддршка на приоритетните активности на Владата на Република Македонија и силно верувам дека истиот ќе придонесе за рапидно менување на економската и социјалната средина и ќе даде значителен придонес во заедничките напори во градењето на подобра иднина за сите нас.

Ви благодарам за Вашето внимание и очекувам плодна распава и сугестии, за кои Владата на Република Македонија во текот на раправата ке се изјасни, ке се изјаснува и ке одговори, ке прифати некои од нив кои што ке водат во насока на подобра реализација на приходите и расходите во текот на наредната година во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам уште еднаш.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Збор процедурално побара господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Аплаузот од петте преостанати пратеници од ВМРО-ДПМНЕ не можат да ја променат сликата што камерите ја дадоа колку души останаа после ова излагање на министерот Славески и за кое што пропорционално на времето во кое што зборуваше би требало да побараме и повеќе од еден час пауза, но тоа не е секако дозволено согласно Деловникот. Нам ни се доволни и овие 35 минути што се до паузата да провериме само дали овие бројки што ги кажуваше се однесуваат на Шведска, Финска, Норвешка или Данска и после тоа ќе продолжиме да зборуваме за Буџетот на Република Македонија со овие скандинавски бројки. Значи, 35 минути пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, барате 35 минути пауза.

Добро, ја прекинувам седницата на 35 минути, а прекинот се спојува со оној регуларен прекин за ручек.

**Јани Макрадули:** И стенограмот да го добиеме.

**Љубиша Георгиевски:** Се разбира за стенограмот.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот, а во меѓувреме стенографските белешки да се разделат, затоа што тоа е смислата на прекинот што се бара.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата започна во 13,20 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,20 часот).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Збор има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Навистина не можам да објаснам, секогаш кога се разговара за некој приоритетен проект пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да не се во салата.

И ве молам, ќе го искористам микрофонот да упатам еден апел до нив, барем кога се носат крупни законски проекти, бидејки за другит еи не се интересирам, да бидат присутни во салата, да знаат што се случува. Мене ми е јасно дека тие се оперирани од самиот почеток и дека не треба да размислуваат за било што што ќе дојде каоко предлог од Валдата, не треба да размислуваат, треба само да го стиснат зеленото копче и на крајот да ја донесат одлуката, без разлика како таа изгледа.

За мене лична забелешка, која што ќе биде дел надвор од самио текст на Буџетот, а тоа е дека нависитна не очекував од еден за мене коминтентен економски експерт, министерот за финансии Славески да има такво експозе во кое

што претпоставувам ќе биде и спротивно на сосптвената логика и разум. Ако тој со своето експозе навистина, тоа што го прочита и го мисли, тогаш сожалувам и се надевам дека барем во следниот период министре за финансии ќе се водите во своите ставови, во своето раководење со Министерството минимум од логиката, фактите, здравиот разум.

Еден мој колега пратеник после вашето експозе ми рече од каде да почнеме да го анализираме тоа што вие го кажавте. Јас ќе се обидам тоа да го направам на максимално отворен и ефективен начин, притоа да дадам сосптвено миселење и позицијата на СДСМ во однос на Буџетот за 2008 година. За секој Буџет, треба да имате предвидување и претпоставки, треба да имате факти од аспект на минатото или претходното за годината која што одминува за спроведување на постоечкиот Буџет. Тоа се постулатите врз кои што една Валда, без разлика која и да е, и во која држава се определува на почетокот при концепирањето на Буџетот за следната година. Затоа господине министер, ќе се обидам да ги разгледувам вашите тези и претпоставки кои што ги наведовте и во образложението за Буџетот, но и во вашиот говор.

Вие велите дека ваквиот Буџет на Република Македонија, кој што има рекордни две милијарди и 200 милиони евра сте го проектирале бидејки очекувате реален пораст на бруто домашниот производ за 2008 година од 6% и понатаму продолжувате до 7%. Притоа, иако правевте паралели со светската економија, правевте паралели со државите од регионот, правевте паралели со многу работи, не се осврнавте на едно клучно прашање: колку ќе биде бруто домашниот производ, порастот во 2007 година. И тоа е клучното прашање на кое што вие како министер за финансии не го дадовте одговорот. Еве ќе ви кажам зошто. Вие велевте дека порастот на бруто домашниот производ за 2006 година ќе биде низок. Официјалниот податок на Заводот за статистика, се извинувам, владинито Завод за статистика е дека порастот на бруто домашниот производ за 2006 година, бидејки првично го проектиравте на 2,9%, нормално, за да ја спуштите работата и политиката на претходната Влада, а вие да се истакнете како добри економисти, рековте ќе биде 2,9, за да сега официјално од Заводот за статистика, ќе поторам владиниот завод за статистика, кој што е под целосна ваша контрола и манипулација вели тој податок е 3,9% се извинувам, 3,7%, а во вашиот предлог за Буџетот за 2008 година во табелата стои податок од 4% за бруто домашниот производ од 2006 година. Зошто е ова битно? Бидејки вие на почетокот на 2007 година ја сменивте методологијата по претходните ваши најави на пресметка на бруто домашниот производ и како резултат на тоа проогнозиравте дека Македонија за 2007 година ќе има, како велите незапамтена и прва во историјата на Република Македонија ставка од 6% на бруто домашниот производ.

Јас отворено ве прашувам во овој момент, бидејки ќе го добиеме податокот за некој месец, која е вашата претпоставка дека Република Македонија ќе оствари пораст од бруто домашниот производ во 2007 година, бидејки следствено врз база на тој податок, вие ги прогнозирате сите останати параметри на Буџетот на Република Македонија. Реалните податоци на истата методологија, бидјеки знаете вие господине министре дека во економијата е забрането да се споредуваат “баби и жаби”, туку дека треба со иста методологија да се споредуваат параметрите од две поседователни години , ќе покаже дека порастот на бруто домашниот производ нема да биде повеќе од 4% во 2007 година. И самите сте свесни дека излеговте, користејки ги манипулативните податоци на Заводот за статистика дека во првиот квартал бруто домашниот производ пораснал за 7%, за да веќе во следниот квартал, кој што треба да биде по логиката на многу нешта подобар да го намалите, за третиот квартал сеуште немаме податок, за четвртиот кватал немаме податок, генерално за 2007 година ние сеуште немаме податок кој ќе биде растот на нашата економија. Вие велите 6%, тоа е ваша претпоставка, која што не е базирана на егзакни податоци и која што ја очекувате како резултат на променета методологија и принцип на весела математика во Државниот завод за статистика. Тој нема да биде повеќе од 4%. Во целокупното образложение на Буџетот и само во една реченица од ваше експозе, на која што ќе се осврнам посебно, нема ниту еден збор, нема ниту еден податок за индустриското производство во Република Македонија. Нема ниту еден податок и дозволете господине министре да ги користам податоците на владиниот и манипулиран Завод за статистика во

кој што во период јануари-ноември 2007 година, во однос на истиот период 2006 година растот на индустриското производство е само 3,6% и тоа од далеку не ја отсликува бројката што вие спектакуларно на прес конференција ја кажавте заедно со Груевски и Ставрески дека тоа во првиот квартал, кој што е најлош квартал, нај лош заради сезонските ограничувања, изнесува ни повеќе ни помалку, замислете 10%. И тоа е резултат, или овие факти и податоци говорат дека вие прогнозирате Буџет или планирате Буџет на нереални, лажни и невозможни параметри, не за 2008 година, туку за 2007 година. И пред да говорите што ќе се случи во 2008 година, 2009 година и 2010 година, треба да кажете што е резултатот на 2007, бидејки вие се обидувате во вашето експозе и во целокупниот концепт на Буџетот нам да ни укажете на проект за буџетско планирање за 2008, 2009 и 2010 година, а само пред два дена три дена во ова Собрание разговаравме за 45 милиони ниискористени средства од Буџетот за 2007 година, со што ја потврдивте вашата неспособност и за буџетско планирање број еден критериум кога се носи еден Буџет и број два критериум, ефикасноста во неговото реализирање. Тоа ви се критериуми општо економско познати и тоа се критериуми кои што стојат во директивата на Европската унија, која што сакте да ја транспонирате во новиот закон за извршување на Буџетот. Киксиравте и на првото и на второто. И очекувате од нас да верувате дека вие ќе ни кажете вистинити, реални и остварливи показатели, не за 2008 и за 2009 и за 2010 година, тоа е фрлање прав во очи. Апсолуно, не се согласувам со ниту еден податок. Кога ќе кажете дека сте оствариле еден податок, согласно најавите во 2007 година, ќе почнам да ви верувам за 2008, за 2009 и за 2010 година. До сега таков податок, апсолутно,немавме шанса да видиме.

Значи, господине Славески зошто во образложениeто на Буџетот не се третира воопшто податокот за индустриското производство во Република Македонија. Зошто? Ќе ви гокажам одговорот. Затоа што состојбата на овој план е катастрофална. Ние имавме ситуации во месеците мај, јуни, јули, па до некаде и август да имаме негативни ставки на индустриското производство и тоа вие се обидувате да го прикриете. Ние имаме во континуитет и за тоа ќе говорам посебно, пад или намалување на ангажираните во превод вработени лица во индустријата. Како тогаш ако индустриското производство во многу месеци паѓа, или не расте брзо, паѓа бројот на вработени во индустријата, продуктивноста во Извештајот на Европската комисија е оценета дека се намалува. Конкурентноста на целокупната македонска економија паѓа на 10 места, а вие велите очекуваме раст на македонската економија за 2007 година од 6%. Таква ситуација, ако зборуваме реално без лажење и без манипулирање во Република Македонија нема да се случи. Половина од дејностите во индустријата која што ја имате методологијата на владиниот Завод за статистика, бележат пад, бележат класичен пад на производството, а вие велите бруто домашниот производ ни расте и во реалниот сектор. Не е точно. Како е возможно во пола дејности, кои што го прават примерокот на индустриското производство, дејностите бележат пад и тоа се вашите официјални податоци, кои што ги соопштува Заводот за статистика и може секој од нас, секој граѓанин да ги види на официјалниот веп сајт. При тоа, единствениот успешен момент, не беше успешен момент на Владата, туку на светските движења за кои што вие многу сакате да говорите, а тоа е дека единствениот прогрес го забележавме, затоа што во континуитет растат цените на металите на светските берзи. И дефакто, три претпријатија во Република Македонија заради цените на светските берзи, го остваруваат прогресот во индустриското производство, ништо повеќе. Во целина, кога ќе го преведете на Република Македонија на ниво на гранка, на ниво на дејност, на ниво на целокупно индустриско производство, тоа опаѓа. Во вашето експозе велите и за тоа посебно ќе говорам инфлацијата е пониска од очекуваната.

Господине министре, во периодот јануари-јули 2007 година во споредба со истиот период од 2006 година, инфлацијата изнесуваше 0.9%, од прилика 1%. Веќе во периодот јануари-ноември 2007, во споредба со претходниот период, таа изнесува, или е зголемена за 1,9%, речиси 2%. Во споредба со тој период 100% е покачена инфлацијата и тоа е минимално во однос на реалното влијание на инфлацијата кое што можеме да го очекуваме на почетокот на следната година, заради одложениот ефект. И самите сте свесни за тоа и немате одговр. Не со користење на странски искуства дека ценовниот шок кој што Република Македонија почнува да го доживува од август оваа година, тој трае подолг временски период, ама најдиректен е од август до сега и се очекува тој да прогресира. Е незапамтен ценовен шок во последните години кои сакате одберете ги во Република Македонија. Вие ќе можете да се обидувате тоа да го релавитизирате со светските бези, настани и компаративни предности во другите држави. Но, Република Македонија во овој момент не носи компаративна економска анализа со другите држави, носи Буџет во кој што клучното прашање, дали Валдата има концепт да го превенира или да го релативизира овој ценовен шок. Она до сега што го видовме и со она што го гледаме во новиот Буџет, апсолутно нема. Ние од сега одговорно можеме да им порачаме на македонските граѓани, очекувајте цените да продолжат да растат. Впрочем во тоа се согласуваме со вас, но имаме различен приод кон целата работа. СДСМ предложи концепт како тоа да се релактивизира. Владата до сега таква ситуација нема. Дури и тие предлози на СДСМ ги одбиваше. За тоа ќе говорам малку подоцна.

Господине министре, вие во вашето образложение за Буџетот велите во една реченица: “извозот расте двојно повеќе од увозот”. Очекувам дека во репликите, или вонекое ваше идно образложение тоа ќе го корегирате, бидејки тоа е лага. Тоа не е вистина. И ве молам да ги запишете бројките кои се резултат на анализата од податоците на веп сајт од било кои државни институции, кои што ја тангираат оваа материја.

Господине министре, септември 2007 година со септември 2006 година извозот забележува пад од 2,5% а увозот се зголемува за 25,5%. Во октомври просекот октомври 2007, октомври 2006, извозот е зголемен за 31,5, увозот дури за 84,9%. Тоа покажува господине министре дека ако во одредени месеци имавте пораст на извозот кој што е резултат, повторно ќе речам, во вредносен износ заради цените на металите на светските берзи, сега извозот и увозот растат или рамномерно, значи се пратат едни со други, или увозот расте повеќе отколку извозот.

Како резултат на тоа, господине министре, во 2007 година во периодот јануари-октомври, 330,2 милиони американски долари, или 31,7% повеќе од лани е зголемен трговскиот дефицит.

Во овој момент Република Македонија повеќе увезува,отколку што извезува. Трговскиот дефицит е зголемен и тој дефицит го плаќаат граѓаните на Република Македонија. И вие тоа морате јавно да го признаете, за да можеме да имаме конкретни информации, кои што за жал, и во вашето експозе и во образложението не ги спомнувате на конкретен начин. Во вашето експозе еднаш земате како репер септември, еднаш јули, еднаш ноември. Во таква ситуација не може да се споредуваат конкретните податоци. Ве молам, да бидете доследен на македонската наука. Ништо повеќе и ништо помалку.

Во вашето експозе, и во објаснувањето господине министре, односно во образложението на Буџетот, не го давате одговорот на едно клучно прашање, а тоа е колкав е процесот на реализација на капиталните инвестиции, или јавните расходи за 2007 година. И тука можете да одберете кој и да сакате месец. Тука ќе ви оставиме слобода. Сакате да го земете месец јуни, кога имавте 20% реализација, сакате да го земете август кога имавте 25% реализација, сакате да го земете месец октомври, ког аимавте 33% реализација. Одберете што сакате, но апсолутно, кога велите на македонските граѓани 2 милијарди и 200 милиони евра ваши пари ќе ги троши државата во 14% капитални инвестиции, треба да им објасните колку сте потрошиле претходната година, колку сте реализирале. Вие крајот на годината нема да го завршите, дури ако јаземеме предвид оваа одлука за прераспределба од вчера, нема да ја завршите со процент на реализација од 40%, што е потврда за неспособноста на реализација на капиталните инвестиции.

Втората работа господине министер, дури ако се спремате да ми одговорите со податок, кој што претпоставувам ќе биде повторно резултат на веселта математика, дека имате реализација на капиталните инвестиции, апсолутно има разлика во економијата дали нив ги реализирате во 10 дена или во една година. Бидејки оваа Влада е продуктивна во трошење на пари, само во еден дел, како што вчера вие баравте и вашите пратеници одобрија 10 милиони евра да се дадат за директни спогодби во МВР за набавка на опрема, за која што немаме информација која е. Тука сте продуктивни. Знаете да потрошите 10 милиони евра за 8 дена, или од приликаоколу милијон и 200 евра дневно. При тоа, да не дадете отчет и да не кажете за што ќе купувате. Тука се најефикасни и најефективни. Ама за тоа, треба да бидат ефикасни и органите на прогонот и соодветно да ги испитуваат и анализираат сите незаконски потрошени, спротивно на сите одредби од Законот средства, пари на граѓаните.

Велите, клучниот аргумент за волку голем Буџет е дека Република Македонија ќе има сериозен економски раст. Пред малку говорев дека таквиот евентуален раст ќе биде идентичен на порастот на економијата во 2006 година, која што изнесува 4%, или 3,7% како сакате определете се. Еден податок давате вие, еден податок Државниот завод за статистика. И многу работи кои што се случија во 2007 година се само резултат на инерцијата или циклусот кој што беше започнат од претходната Влада.

Значи, инвестициите кои што вие ги набројувате една по една ќе ви ги читамподоцна, се резултат на претходната Влада. Ставката на раст,која што реална е од прилика 4% е резултат на инерцијата, која што претходно беше започната во еден друг временски период. Тука не може никој да биде незадоволен и СДСМ посакува макеоднската економија да расте со уште повисоки ставки на раст.

Ве молам, кога зборувате за некои работи, зборувајте со факти и аргументи и објективно. Инвестициите за кои што најавувате одредена бројка и во 2008 и во 2009 и во 2010 година, а не кажувате колку се во 2007. Значи, знаете колку се од прилика како претпоставка во 2008, 2009 и 2010 година, а не знаете за 2007 година што говори уште еднаш за хаосот во пристапот во овој дел се резултат, или ќе бидат евентуален резултат на циклусот и замаецот кој што беше направен во 2005, во 2006 година од претходната Влада на СДСМ. И конкретните инвеститори кои што или дојдоа, или најавуваа дека ќе дојдат се резултат на тоа. Погледнете ги фирмите и погледнете ги соопштенијата во јавноста и средбите на претставниците на Владата во тој период ќе ви биде апсолутно јасно дека станува збор за истите фирми кои што во тој временски период беа контактирани, беа повикани да разговараат, изразија интерес и на крај инвестираат во Република Македонија. Но, тоа е далеку од потребното и далеку од она кое што вие претходно го искажувате.

Господине министре, вие ни давате за право да се сомневаме не на крајот на 2008, туку на почетокот на 2008 година дека сето ова кое што го ставате како податок во Буџетот за 2008 година нема да се случи. И за тоа не говорат претпоставките на СДСМ, туку говорат емпириските факти на Владата. Рапублика Македонија во 2007 година имаше два ребаланси на Буџет и имаше Одлука за прераспределба на средствата која што незаконски ја дадовте само за да го купите времето, иако де факто требаше да оди под институтот ребаланс на Буџет. Значи, господине министре, лани од оваа говорница не убедувавте дека знаете што правите, дека Владата има концепт, дека сака да ги потроши парите кои што ги приграбила од граѓаните на најдобар можен начин. 2+1 ребаланси направивте на Буџетот што покажува дека вашиот концепт испарува во оној момент кога ќе го проговорите. Од тие причини вие отворено на јавна сцена во бизнисот, кај граѓаните, во било кој сектор покажувате дека со Буџетот импровизирате, дека ги менувате приоритетите од ден за ден, дека кога средствата нема да ги реализирате тоа за вас апсолутно не претставува проблем и ќе носите вакви политички одлуки. Јас прогнозирам дека во 2008 година ваквата одлука за прераспределба на 45 милиони евра ќе ни стане пракса, бидејќи Владата очигледно нема да се промени, барем нејзиниот состав, таа ќе остане иста што говори дека прогрес во тој дел апсолутно нема да има. Кој е клучниот ваш концепт? Да можете да земете се што е на располагање од фирмите, од граѓаните и тоа да го употребите на најлош можен начин од другата страна. Господине министре, лани од оваа говорница не убедувавте дека граѓаните на Република Македонија со воведувањето на рамниот данок ќе плаќаат помалку данок, вклучително, или најмногу од се фирмите, едните преку персоналецот и едните и другите фирмите најмногу преку данокот на добивка. Сега се фалите дека вие имате надминување на даночните приходи од 10%. Господине министре, тоа е резултат на неколку работи. Број 1. Го зголемивте даночното оптоварување. Денеска и фирмите и граѓаните плаќаат повеќе данок на државата. Број 2. Не слушнав да ја кажете бројката колку е суфицитот во УЈП по основ на зголемените цени на производите на кои што наплаќате ДДВ од 18%. Господине министре, вие предвидувавте да наплаќате 80% на цена на супер бензин, или на дизел која што сега се разликува најмалку 13 денари номинално. Разликата од прилика изнесува 50 милиони евра вишок профит, вишок пари испумпани од фирмите и од граѓаните преку УЈП. И тие пари не ги планиравте, ама тие пари ги зедовте. Ги зголемивте даноците за имот, или ги воведовте онаму каде што претходно не беа. Го зголемивте данокот за комунални такси и кај претпријатијата и кај индивидуалните семејства. Во маса сите граѓани плаќаат повеќе данок, сите фирми плаќаат повеќе данок. И тука не застанавте. Господине министре, не слушнавме во вашето експозе дека Владата на Република Македонија подготвуваше концепт за оданочување на орочените штедни депозити на граѓаните во Република Македонија. Малку ви беа парите кои што ги земавте по овој основ и ги испумпувавте буквлно некои фирми ги доведувавте на раб на ликвидност, или преведено во термините на граѓаните на ниво на нивниот семеен буџет и рековте: ќе одиме чекор понатаму, ќе чепнеме, или ќе земеме од оние пари кои што граѓаните ги ставиле во банките и сакаат од нив да добиваат камати на орочените девизни, или денарски депозити. И од таму сакавте да земете и тоа го спремавте во Министерството за финансии. Единствено под притисок на јавноста се откажавте и рековте спектакуларно: тоа ќе го направиме од 1 јануари 2009 година. Значи, сега вие треба да признаете дека Владата на Република Македонија има подготвено предлог дека штедните влогови орочени на македонските граѓани треба да се оданочат и од тие пари дополнително да се полни Буџетот на Република Македонија. Тоа е факт, кој не можете да го сокриете. И тој не можете да го објасните ниту со приближување кон ЕУ кое што де факто и не го правите, не можете да го објасните со здраво разумската логика. Нормално која што за жал не можев да ја видам во однос на она кое што вие како експозе го споменавте. Како резултат на тоа го проектирате Буџетот на Република Македонија на 2 милијарди и 200 милиони евра од кои што господине министре 1,7 милијарди евра ви отпаѓаат на даноци и придонеси. Волку пари 1,7 милијарди евра вие земате годишно од граѓаните на Република Македонија и од фирмите. И тоа е едното прашање на кое што вие не давате одговор зошто толку пари се приграбуваат. Не е тоа резултат како што велите вие на економската активност. Зголемените даночни приходи се единствено резултат на зголеменото даночно оптоварување и ништо повеќе. Бидејќи, ако биде резултат на економската активност, ве молам објаснете и кажете ни го уште еднаш реалниот број на невработени во оваа држава, или ако се зголемила економската активност, каде се вработените, нововработените? Ги нема. Зошто се намалува бројот на вработените во индустријата? Каде е таа економска активност во индустријата? Дали е тоа резултат на зголемената продуктивност? Не. За неа имаме оценка во Извештајот на Европската комисија. Дали е тоа резултат на конкурентноста на македонските фирми? Не. За тоа имаме податок, бидејќи македонската економија во оваа година падна за 10 места во делот на конкурентноста во однос на лани. Затоа господине министре искрено и добронамерно ви препорачувам да не се секирате, како што тоа го наведовте во вашето експозе за забавување на светскиот развој, туку да се секирате за унапредување на македонскиот развој за кој што сериозно дадовте минимум податоци. Ве молам да ни објасните од каде тоа реалната куповна моќ на платите значително е зголемена? Апсолутно мислам и жалам што вие веќе изгубивте контакт со реалноста. Ве молам,

излезете од оваа сала кога ќе заврши седницата анкетирајте со просто прашање 10 граѓани на улица и прашајте дали нивната реална моќ на платите е зголемена. Јас го знам одговорот бидејќи јас нив ги прашувам и контактирам. Но, лично ве упатувам и вие тоа да го направите. Зарем мислите дека со 10% од вашето покачување на платите е подобрена куповната моќ на граѓаните? Или ако речете дека согласно Државниот завод за статистика кој што користи други цени при таа пресметка на производите имало подобрување на куповната моќ, или тоа е поврзано со потрошувачката кошница на граѓаните. Апсолутно тоа не е точно. И тоа граѓаните секојдневно го гледаат. Незапамтени се покачувањата кај земјоделските производи 30%, кај овошјето 38%, кај мазутот 30%. И вас лично и Груевски и Ставрески на пратеничките прашања ве прашавме, ве молам, дајте ни еден производ чија што цена е намалена. Не вие, не Груевски, Ставрески одговори: смрзнатото овошје. Јас цело време го повторувам тоа како пример за забеганоста кога станува збор за водењето на оваа политика, бидејќи тој отворено ни порача на нас, а со тоа и на граѓаните дека македонските граѓани треба да јадат смрзнат ананас, или некое друго тропско овошје, бидејќи таму имало намалување од 0,5 дени. Сите останати производи во Република Македонија незапирливо растат. Со тоа реалната куповна моќ апсолутно не е точно дека е намалена. Не дадовте одговор господине министре, како се реализираат субвенциите посветени на земјоделците во 2007 година и дел на тој проблем е резултат зголемувањето на цените. Не завршија парите од субвенциите до крајните потрошувачи. Ги дадовте само на 5% крупни производители, 95% останаа без нив. Затоа господине министре, дел од производите незапирливо растат, затоа господине министре кога велевте, ќе се намали цената на ѓубривото како земјоделски репроматеријал, фактот го говори спротивното. И ако 750 денари чинело земјоделското ѓубриво во 2006 година, сега е 1050 денари. И не треба да се користат некоректни и неточни податоци кои што ги наведувате тука, или пак ако одам по вашето експозе, на пример велите дека дел од намалувањето на производството било затворањето на косовскиот пазар за ОКТА. И велите дека тој проблем е надминат. Извинете, или ние не живееме во иста држава, или вие нешто криете од нас, бидејќи јас и моите колеги не знаеме дека ОКТА почнала да произведува високо квалитетен дизел кој што одговара за стандардите на Косово. Македонските граѓани купуваат Д-3 ниско квалитетен дизел кој што ја загадува околината и чини 59,5 денари, косовските граѓани најблиску се тука до нас можат да купат по пониска цена многу поквалитетен дизел. Кажувате уште една невистина во вашето експозе. Ве молам, во интерес на вистината да ја корегирате. Велите, ниско но континуирано се намалиле каматните стапки. Ве молам, кажете колку е тоа ниско, но континуирано? Кога СДСМ дојде на власт во 2002 година каматните стапки изнесуваа 15 до 16%. Кога ја напуштивме власта тие изнесуваа 8%. Сега господине министре, ве молам објаснете ни кое е тоа ниско, но континуирано намалување на каматните стапки. Јас не го гледам, освен ако не треба со медицински микроскоп да го барам.

Кога велите, дека очекувате зголемување на довербата во банкарскиот сектор. Мислам господине министре дека вашата одлука да воведете данок на орочени штедни депозити која што не ја укинавте, само ја пролонгиравте, апсолутно ќе ве побие во ова кое што вие го кажувате. Вие сакате да го растурите и онака сеуште кревката доверба на граѓаните во банкарскиот сектор на тој начин што и од оние средства кои што претставуваат профит, или дел на ослабениот капитал и од нив да им наплатите данок, не баре малку се овие даночни оптоварувања кои што сакате да ги воведете. Фактот што вие се обидувате меѓу другото даночните оптоварувања и зголемените наплати на даночни приходи да ги објасните со транспарентноста и дека граѓаните сега по прв пат во својот живот гледаат дека Владата е транспарентна во даночните собирања и трошења е лага. Господине министре, вие сте сведок дека на 18 поставени прашања за 18 рекламни кампањи од страна на пратениците на опозицијата до сега имаме одговор само на 3. Тоа не е транспарентно, тоа не е начин за да на граѓаните им се покаже дека Владата води транспарентна политика во трошење на нивните средства и тоа не е начин со истиот обид, со истите механизми повторно ги пумпате ставките од каде што проектирате да трошите во име на рекламните кампањи, во име на рекламните промотори и во 2008 година. Господине министре, пропуштате да кажете дека Македонија и по 15 месеци на вашата Влада има ист кредитен рејтинг како и претходно. Република Македонија во изминативе 15 месеци апсолутно не оствари никаков прогрес и како резултат на тоа меѓу другото е ниското ниво на странски инвестиции, како резултат на тоа е и ниското ниво и на домашни инвестиции за кои што вие овде немате ниту еден збор. Немате ниту еден збор од проста причина што продолжувате со даночното испумпување на парите, продолжувате со отворените закани и притисоци и влевање на страв кај домашните инвеститори, продолжувате со вашиот однос кон странските инвеститори и де факто ги прогласувте дел од нив за државни непријатели и после очекувате дека некој ќе дојде во Македонија со плус нарушена политичка клима и безбедност да инвестира. Не. Тоа апсолутно нема да го направи и ќе го одбере првото околно најмирно место, ќе оди во Србија, ќе оди во Бугарија, ќе оди дури и во Босна и Херцеговина. За жал, такви случаи има во Република Македонија.

Велите, сте дошле до еден круцијален инструмент за подобрување на економскта или како велите деловна активност на

претпријатијата и ќе вршите обука на менаџери. Чинам рековте 50-тина на број. Господине министре, за таква работа Светската банка ви даде негативно мислење од проста причина што никој кој што сака да влијае врз развој на конкуренцијата и на вештините и менаџерските способности, не сака тоа да го прави на начин со кој што ќе врши дискриминација на пазарот. Никој вас не ви дава право со народни пари да вршите обуки на 50, или не знам колку , вие рековте 50 менаџери со мои, со пари на граѓаните за да понтаму истите тие менаџери ги употребат за сопствен напредок, развој, прогрес и на крај профит, бидејќи тоа е клучното за нив. И вие господине министре наместо да овозможувате широки и рамноправни услови за претприемачите, кога велите за образованието и за ред други елементи, вие се одлучувате да ги извлечете 50-те претпоставувам фирми на ВМРО-ДПМНЕ, да им ги дадете народните пари и да инвестирате во тие фирми. Претпоставувам дека веднаш знаете дека на тие фирми ќе им порасне вредноста на македонската берза, и веднаш можеби некој во моментот купува акции на тие фирми, ако тоа веќе и во моментов не се случува. И на тој начин вршите дисторзија и дискриминација на пазарот за кој што впрочем толку се залагате. Истиот концепт го применувате и кога велите дека сакате да се борите против невработеноста преку т.н. концепт на самовработување. На тој начин што ќе потрошите 6 милиони народни пари и ќе ги поделите на 2000 членови на ВМРО-ДПМНЕ, давајќи им кредити од 3000 евра кои што потоа тие апсолутно никогаш нема да ги вратат. Така правеше Васил Тупурковски на времето со тајванските кредити и никој од нив не ги врати. Така сега вие ќе се обидете да создадете, или да вратите долгови на 2000 партиски членови и да речете: ќе потрошиме 6 милиони евра и на тој начин ќе ја сузбиеме невработеноста. Не, господине министре, вие се мачевте, земавте те од лево, те од десно, делевте, множевте, одземавте за да дојдете до податок дека невработеноста во Македонија се намалила за 0,4%. Тоа е на раб на статистичка грешка, тоа е природно вработување и ништо повеќе. Тоа е природно заминување во пензија и соодност помеѓу двете бројки. Вие во оваа 2007 година освен што вработивте 4000 членови на ВМРО-ДПМНЕ, или на дел од коалиционите партнери, не говорам за етничката и пропорционална застапеност, само за членови на ВМРО-ДПМНЕ повеќе немате направено ништо, освен што си ги вработивте своите членови по партиските листи од општинските комитети и заради тоа и дел ни страда економијата, вие немате апсолутно никаков резултат. Дека ќе успеете да го намалите со партиски кредити, со самовработувања, со трошење на 6 милиони евра, апсолутно е една обична фарса и лага. Подобро и тоа дел ви го предлагаме во амандманите тие 6 милиони евра да им ги дадете на стечајните работници и да решите барем еден проблем за една година, ништо повеќе. А понатаму ќе ги видиме вашите проценки за 2008 година и 2009 година.

Кога ги споменавте странските инвестиции господине министре, ги наведовте сите за кои што и јавноста беше информирана на крајот на 2005, и во текот на 2006 година, шведската млекара, хрватскиот Агрокор, хрватскиот Дукат, Џонсон Контролс, Џонсон Мети, во трговијата Ера Сити и тн., финансиските трансакции, а не гринфилд инвестиции за купувањето на Триглав, на Вардар за кои што вие како Влада апсолутно не сте потрошиле ниту три минути од вашето работно време. Бидејќи немате никаква заслуга за таков тип на инвестиции кои што се сериозно различни од гринфилдот, или од инвестициите кои што ќе донесат и нови вработувања и ќе донесат додадена вредност, господине министре за кои во Република Македонија во овој изминат период нема ни трага ни глас.

Во структурата на Буџетот 85%, самите рековте, учествуваат тековни расходи, само 14 до 16% се за капитални инвестиции за кои апсолутно во овој момент немате кредибилитет ниту доверба и кај пратениците и во јавноста дека знаете да ги менаџирате и да ги трошите. Оние средства кои граѓаните преку буџетите ги даваат, назад не им ги враќате. Само знаете да земете, ама кога треба да се врати назад или не сакате или сте неспособни или на крај она што е најтрагично и најболно парите завршуваат во рекламните кампањи, парите завршуваат во луксузот посветен на мебел, на возила, на опрема за која не давате отчет, за икс работи кои претставуваат екстремен луксуз на граѓаните на Република Македонија.

За животниот стандард на граѓаните за кој вие велите дека пораснал, апсолутно немате преземено ништо и вам лично ви се обраќам за да ве информирам дека млекото во Сојузна Република Германија е пониско и поевтино од млекото во Република Македонија, дека еден килограм свинско месо во Германија чини пониско или поевтино од килограм свинско во Република Македонија. Кога велите дека за вас е природно и логично цените да растат и дека на граѓаните ќе им пратите порака, луѓе, тоа е нормално, ние треба да станеме Европска унија притоа заборавате да им кажете дека платите, пензиите и нивните други бенефиции растат многу пониско во однос на нивните трошоци.

Затоа ве молам, кога тоа понатаму ќе го артикулирате и го споменувате како аргумент апсолутно да го користите со вистинското име и презиме и да не ги злоупотребувате фактите. Животот на македонскиот граѓанин денеска е многу потежок од минатата 2006 година, а многу потежек во однос на 2005 година, сакате тоа да го признаете или не.

Јас во вашето експозе слушнав заедно со моите колеги, многу работи господине министре за кои сакам да ве потсетам. Пред мене имам извадок од вашата легендарна Преродба во сто чекори. Не е портокалова, нормално бела е, во која сакам

да ве потсетам за верувањата во кои велите: нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили, мебел и слично во 2007 година, лага. Во 2008 година до 2010, не ја спомнувате 2007 година, предвидуваме нивно намалува за најмалку 30% во однос на нивото од 2006 година. Средствата што ќе се заштедат ќе ги пренасочиме за голем број продуктивни инвестиции и проекти кои се дел од оваа програма. Лага. 85 милиони евра во Буџетот за 2008 година ви се предвидени за мебел, опрема и луксузирање на министрите. Го поништувате ветувањето за кое граѓаните ви ја дадоа довербата на изборите во 2006 година.

Второ, целосна деполитизација и професионализација на јавната администрација преку воведување критериуми за вработување и унапредување базирани врз професионалност и знаење. Рок 2007 година, трета лага. Или ги деградирате и бркате професионалците, бидејќи не сакаат да влезат во ВМРО-ДПМНЕ или вработувате преку агенциите за невработени лица, типови како Бичиклиски и компанија.

По примерот на многу европски земји ќе воведеме можност за електронска регистрација на нови бизниси преку интернет. Рок 1.1.2007 година, лага. Нема да има обврска трошоци за објавување на претпријатијата, оглас во "Службен весник", не реализирано.

Ќе воведеме единствена електронска база на претпријатија поврзувајќи ги регистерот со судовите, Републички завод за статистика, Царината, Народна банка и општините, нереализирано, а рок 1.1.2007 година.

Ќе воведеме така наречена општа клаузула за бизнис која ќе овозможи формирање претријатие без да мора прецизно да се наведува дејноста со која се занимава. Не реализирано, рок 1.1.2007 година.

Постапката за регистрација на претпријатија ќе се завршува најмногу за три дена, рок 1.1.2007 година, повторно за тоа говоревте министре во вашето експозе. Нема да ги говорам сите, бидејќи треба да зборувам до 18,00 часот. Ќе извадам само дел од нив.

Ќе ја консолидираме базата на податоци за станбените кредити во Централниот регистер рок 30.06.2007 година, нереализирано.

Стимулирање на пријавување на работниците преку намален персонален данок, пофлексибилни форми на работен однос и зголемена флексибилност во процесот на вработување и отпуштање од работа, рок 31.3.2007 година, сте успеале само 3% од отпуштање од работа, другото нереализирано.

Модернизација и автоматизација на царинската процедура, скенирање на транспортните средства и професионализација на царинскиот менаџмент рок 2007 година, вие господине министер по втор пат говорите за истата работа, сега за 2008 година. Повеќе од година и кусур сте го пробиле рокот.

Фокус на инвестиции во информатичката технологија, извршување на компјутерски и други услуги проект Вардарска силиконска долина, рок 1.1.2007 година, нереализирано.

Преку транспарентна јавна набавка, ова е мислена именка за Владата, Владата ќе ангажира 20 до 50 најпознати светски консултански куќи за привлекување гринфилд инвестиции во Македонија. Рок 1.1.2007 година, нереализирано.

Единствено што реализиравте е да го спроведете концептот Глигор Ташковиќ се обидува да си ја наплати својата провизија за бизнис зделка, да именувате економски промотори од типот на Ферки Демировски и да ги бркате економските инвеститори надвор од Република Македонија. Во тоа бевте исклучително успешни.

Ќе го помогнеме формирањето мрежа од мали консултански фирми кои ќе бидат ангажирани во изработка на инвестициски проекти, бизнис планови, маркетиншки стратегии, посредување во склучување на трговски зделки во земјата и странство. Рок 2007 година, нереализирано, освен ако не се смета дека реализатор на ова бил Ферки Демировски и Глигор Ташковиќ кои бараа провизија од еден англиски инвеститор за купување на плац во Република Македонија. Тогаш сте 100% успешни.

Ќе донесеме национален акционен план за развој на земјоделието, во него ќе се фокусираме на стимулирање на приоритетните групи на производи за кои постои побарувачка од европските земји. Рок 1.1.2007 година, нереализирано, освен ако не го рачунате смрзнатото овошје како ваш успех.

Ќе извршиме нова праведна и транспарентна распределба на државното земјоделско земјиште на вистинските производители итн, рок март 2007 година, нереализирано. Земјоделското земјиште само во светиниколско заврши кај вашите партиски кадри.

Ќе го олесниме пристапот на земјоделците до поевтини и долгорочни кредити преку регистрација на недвижниот имот, рок 2007 година, нереализирано. На земјоделците само и вративте повисоки цени за вештачкото ѓубриво и помалку субвенции отколку претходно ги имаа. Тоа е вашиот успех.

Рехабилитација на хидросистемите Тиквеш, Брегалница и Радиовце - Бистрица, ќе сте извршувале мелиоризација и наводнување на површините. Проектите според планот треба да бидат готови до крајот на 2007 година, нереализирано.

Довршување на повеќе водоснабдителни системи како на пример Гостивар, Тетово, Чегране, Форино, Белчишта, Прилеп, регионален водовод Меџитлија итн. Најголемиот број од нив треба да биде реализиран заклучно со крајот на 2007 година, нереализирано, ниту еден од нив.

Изградба на големи хидроцентрали, слушнете господине министре ХЕ Чебрен ја нема, ХЕ

Галиште ја нема, ХЕ Бошков Мост, а велите очекуваме сите три ХЕ да отпочнат со градење до крајот на 2007 година, од тие вие ни лопата не фрливте ниту знаете со кого треба да разговарате макар за овие три големи ХЦ.

Креирање агенција за борба за организираниот криминал и корупција, рок март 2007 година, нереализирано.

Бесплатни учебници за основното образование, рок 2007 година за деца чии родители не се во можност да купат нови учебници, нереализирано.

Рано изучување странски јазици, англиски јазик од прво одделение, втор странски светски јазик од петто одделение, рок 2007 година, нереализирано. Вие господине министре по трет пат ни го соопштувате заедно со вашите колеги истиот проект, претпоставувам дека ќе го слушаме уште 2-3 години.

Отворање нов државен универзитет, моравте да го згрижите кадарот на Жан Митрев и на Сашко Кедев, во тоа сте успешни. Ќе има факултети во другите градови како Струмица, Кочани, Свети Николе и други, нереализирано, излажано.

Повеќе спорт и физичка активност, постепено ќе воведеме физичко образование секој учебен ден од понеделник до петок во основното и средното образование. Почнува во 2007 година, нереализирано.

Завршување на изградбата на голема спортска сала во Скопје до 2007 година, нереализирано.

Компјутеризација на Македонија, рок март 2007 година, проект “Мојот прв компјутер”, нереализирано. Каде се господине министер компјутерите?

Реализација на интегриран медицински информатички систем и воведување електронска здравствена картичка, рок 2007 година, нереализирано.

Компјутеризација на издавањето лични документи во Министерството за внатрешни работи, проект лични документи за 30 минути, рок 2007 година, нереализирано. Дали господине министер знаете колку трае најкратката постапка за добивање на лична карта, пасош или друг документ во Министерството за внатрешни работи? Ако не знаете погледнете ги телевизиските прилози ќе видите на каква голгота и финансиски трошок се изложени македонските граѓани.

Ќе се донесе следниот закон за водење ефективна електронска трговија, електронско банкарство и електронска влада, односно генерално информатичко општество, најдоцна до крајот на 2007 година, нереализирано и излажано.

Закон за правата на пациентите, рок јуни 2007 година, нереализирано. Болниците ќе бидат раководени од двајца директори од кои еден ќе биде менаџер економист со така наречен врзан потпис, рок 2007 година, нереализирано.

Изработка на модерен промотивен материјал на најмалку европски јазици, не пишува колку, рок 30.9.2007 година, нереализирано.

Господине министре извадив 30% од текстот со кој вие како дел од ВМРО-ДПМНЕ сте земале обврска на изборите најмногу во износ од 90% овие работи не се реализирани и граѓаните се изманипулирани.

За овие работи господине министер сте земале обврска во 2007 година, сте им ги зеле парите преку буџетите за Буџетот во 2007 година и истите работи не сте ги извршиле. Не само што нив не сте ги извршиле, туку и нормалните работи за кои имате уставна, законска и логична обврска како министер за финансии исто така не сте ги реализирале. Кога господине министре го темелите вашиот личен оптимизам или на Владата за развој на македонската економија и пораст, господине министер ќе сметам дека или вие сте нереален оптимист или ја манипулирате македонската јавност. Пред себе имам само два од октомври 2007 година, ноември 2007 или декември кога ќе бидат извештаите за деловните тенденции добиени врз база на анкетирање на фирмите, а како резултат на сублимат во Заводот за статистика, ќе можеме да констатираме дека очекувањата им се апсолутно песимистички.

Во деловните тенденции во трговијата на мало каде цените максимално растат раководителите на претпријатијата кажуваат дека продажните цени ќе продолжат да растат, дека очекуваат намалување на бројот на вработените, тоа внатре го пишува и дека очекуваат намалување на бројот на платите и тоа го потврдува господине министер податокот дека платите во стопанството кои покриваат, ако се изземе државната и јавната администрација, доминантен дел од македонската економија не го следат порастот од 10% кои вие ги давате само на стотина илјади во државната и јавната администрација. Сите останати или немаат зголемување или тоа зголемување се однесува максимално од 2 до 3%.

Раководителите господине министер на претпријатијата оцениле дека вкупната економска ситуација на нивните претпријатија во третиот квартал од 2007 година е понеповолна во однос на вториот квартал од 2007 година, ќе видиме за четвртиот, самите претпријатија, самите раководители тие се тие кои го создаваат доходот сакате и кај индустријата и кај трговијата на мало изразуваат песимизам, бидејќи тие се реални и тие не живеат од реклами кои ги прожектирате и ги пуштате и за нив трошите пари од граѓаните. Тие, за нивна жал, ја говорат вистината која е далеку од оптимистичка и за која господине министер вие во овој момент не сакате воопшто да проговорите. Упорно и по 15 месеци речникот на вас лично, на премиерот, на целата Влада е ќе направиме нешто, ќе биде, ќе направиме, во превод вашето ќе значи нема да биде. Очигледно имаме сериозни разлики во толкувањето на македонскиот јазик, бидејќи за

вас идното време станува доминантно време во сегашноста и тоа македонските граѓани, за жал, многу добро, за жал пак ќе речам нивна, многу добро знаат да го проценат.

Кога велите дека сте ги таргетирале приоритетите, господине министре повторно во овој Буџет не доведувате во сероја на апсолутни ситуации да барате пари за компјутеризација на училиштата или на разните други сегменти од образовниот систем по трет пат, а притоа не гледаме средства за подобрување на енергетската инфраструктура за која пред неколку дена, за жал, имавме случај на пожар во едно училиште. Велите ќе даваме пари повторно и ако не се реализираат за изградба на спортски сали во училиштата, а не гледаме дека одобрувате сериозна неманипулативна сума за изградба на нови основни и средни училишта, за изградба на нови и реконструкција на старите студентски и училишни домови во Република Македонија. Ние имаме ситуација Владата да се луксузира со пари на граѓаните за непотребни работи, а таму каде средствата треба да бидат приоритетни воопшто не ги доделувате.

Да биде, господине министер, апсурдот најголем, намалувате средства на Државниот завод за статистика, претпоставувам дека таа си ја заврши својата работа, Благица Новковска како ваш партиски кадар на ВМРО-ДПМНЕ го воспостави системот на манипулација со бројките и сега тој систем треба да се тера.

Господине министер истата ваша директорка која ви ги штелува бројките за кои вие сега се повикувате, пред ден - два подели награди во износ од 45 илјади евра на вработените. Со оние награди кои ги делеше претходно наградниот фонд на директорката на Државниот завод за статистика дојде до отприлика 180 илјади евра. Значи директорката средствата кои сте и ги доделиле за 2007 година не ги инвестирала во подобрување на аналитичката база, не ги инвестирала во сериозно конципирање на податоците од пописот на земјоделието врз база на кое ќе треба да влечеме кредити и бесповратни средства од страна на Европската унија, ама ги дели за награди. Е, тоа е концептот на ВМРО земи од сиромашниот, дај таму каде не треба, потрошиги за мебел, за коли, притоа кажувај дека си голем патриот, бидејќи си им дал средства на Ташковиќ, Ферки и компанија да ги трошат во авионски летови од прва класа, да ги трошат за барање на провизии од странски инвеститори и после се чудиме зошто за 15 месеци кредитниот рејтинг на Македонија не ни е пораснат. Не може да биде пораснат, бидејќи некој надвор и некој внатре ги гледа работите со вистинските очи. Се до оној момент додека вие не почнете да го правите, Република Македонија ќе живее благодарение на вас во една илузија дека сите живеат убаво и добро додека ги гледа телевизорите ама кога ќе излезат надвор се соочуваат со суровата реалност.

Да резимирам, СДСМ поднесе коректер број на коректни, конструктивни амандмани ориентирани во подобрување на структурата на капиталните инвестиции и во подобрување на приоритетите на оваа Влада во делот на социјалните трансфери.

Доколку тие амандмани за кои ќе говориме детално ги прифатите, СДСМ може да даде поддршка на така видоизменет Буџет за 2008 година. Во спротивно, Буџетот за 2008 година ќе претставува, за жал, уште една година не само на потрошено време како што тоа го правите во политичкииот дел, туку уште една година на огромен број на злоупотребени, манипулирани и потрошени пари на граѓаните на Република Македонија во износ од две милијарди и двеста милиони евра, најмногу во историјата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господинот министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

На почетокот сакам да го поздравам почетокот на дебатата околу Предлогот на Буџетот, што започна со дискусијата на господинот Ивановски и навистина да му се заблагодарам за сите искажани тези, мислења, итн. Секако дека со најголем дел од нив не се согласувам. Затоа сега се јавив за збор, токму заради вистината, информирање на почитуваните пратеници и на јавноста.

Пред неколку дена по расправата по Одлуката за пренамена на средства, господине Ивановски, еден од вашите колеги од вашата парламентарна група, истакна податок дека наводно 56% биле реализирани од капиталните расходи до почетокот на декември. Вие сега отидовте на 40%. Не знам за која дата. Ве уверувам дека реализацијата на капиталните расходи ќе биде многу многу повисока и од едниот и од другиот податок. Барем треба да се кооридинирате во цифрите што ги изнесувате тука.

Во една пригода спомнав, сигурно реализацијата ќе надмине две третини, односно сега ќе биде повисока и од 70%.

Понатаму, ве ценам по она што е ваша професионална преокупација, да сте образуван во кванитативните методи, но тука ме чуди зошто не верувате на научно издржани методи, да речеме, за презентации, за пресметка на некои податоци, а се поведувате од фактот дека наводно, според вас можело полесно да се дојде до некои сознанија, доколку излеземе на улица и прашаме десет луѓе. Вие добро знаете што значи примерок, што значи статистичко истражување, што значи сериозен пристап кон работите.

Со анализа, односно изјави од десет луѓе, па селекција на тоа кој што ви кажал, презентација на тоа можете единствено некого да доведувате во заблуда. Ова, навистина не го оправдувам навистина.

Понатаму, во врска со одданочување на каматите од штедните влогови, да ве потсетам, тоа е законска одредба во Законот за персонален данок на доход, што на два пати до сега е пролонгирана. Владата на Република Македонија одлучи да ја пролонгира за уште една година и тоа за последен пат, како што беше кажано.

Би ценел, за да не водиме непродуктивни дискусии, да не оперирате со бројката или цифрата од 85 милиони евра за, наводно, мебел и возила во наредната година, што знаете дека во таа стафка средствата се наменети за опрема, за осовременување на буџетските работиници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине минстре, во секоја нормална држава пратениците не лецитираат за броки за реализација на капитални инвестиции. Во секоја иоле нормална држава министерот за финансии таквата стапка за реализација ја објавува ако не еднаш месечно, најмалку еднаш на три месеци.

Вие, дојде декември, се уште не соопштувате колку имате реализација на капиталните инвестиции. Затоа што таа е ниска, затоа што таа говори за вашата неспособност, како што тоа го потврди и вчерашната одлука за прераспределба на 45 милиони евра нереализирани, неискористени средства.

Втората работа, господине минстре е дека вие темелите цел Буџет, темелите цела проценка на примерок. Вие, кога ги добивате податоците од Заводот за статистика и за индустриско производство и за тенденциите во производството и за сите останати, го правите врз база на примерок. Вие го одбирате и го манипулирате примерокот така како што ви одговара. Јас ви велам не, излезете на улица, ако не сакате десет, прашајте 110 граѓани, тоа ќе ви биде репразентативен примерок господине минстре кој што вие, како методологија научна, се согласувам, го користите за проектирање на Буџетот 2.200.000.000 евра. Читајте ги извештаите...

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Ова е втора дебата што овој парламентарен состав ја води по однос на Буџет и, ако имаме предвид дека во 2007 година имаме три ребаланси на Буџетот, заедно со Предлогот на одлуката што вчера ја завршивме, веќе имаме некои опипливи показатели на методологија, како ќе се расправаме, како ќе дебатираме, кои податоци ќе ги компарираме.

Морам да признам со оглед на тоа што сега претходното го кажав, ми смета овој факт почитуван господине министер што во вашето експозе кое што многу внимателно и ве слушав во обраќањето и читав сега, во меѓувреме, значи се онака како што прилега се разбира на министер за финансии, ја опфаќате глобалната макроекономски и микроекономска политика која што Република Македонија треба да ја води и е проектирана во Буџетот.

Но, искуството од трите ребаланси од Буџетот покажаа дека дефектот не е тука. Значи, прв факт, имате пораст на приходната страна на Буџетот за 2008 година драстична, која што овозможува пораст на расходната страна. Зошто е тоа така, набројавте повеќе причини, но факт е дека водите агресивна фискална политика што доведе до висок процент на реализација на наплата на даноците, што е за поздравување и јас тоа го поздравувам од мој аспект, значи дека е позитивно работење на оваа Влада, на ова Министерството или на таа Управа за приходи. Значи се вовел некој ред.

Но, добивате една слика што секој министер за финансии би ја посакал, значи голема приходна страна. Јас би отворил дебата за проектирањето на расходната страна за која што не сте одговорен вие, најодговорни се буџетските корисници односно Министерствата и другите институционални форми кои што егзистираат во Буџетот.

Јас го отварам главното прашање. Умее, има ли капацитет Република Македонија да направи една пореална приоритетна слика на трошење на овие буџетски средства или нема? Последната Предлог-одлука, која вчера во 22,00 часот ја донесовме е чист доказ дека намеме капацитети и дека лошо се менаџира расходната страна на Буџетот. И тоа е факт од кој што не може да се побегне, жал ми е што вие како најодговорен во името на Владата треба да ги браните тие показатели. Не е проблемот 56 или 40% од реализација на капиталните инвестиции.

Јас повторно по трет или четврт пат кога сум се обраќал за Буџетот ве прашувам, структурата на Буџетот 15% е за развојната компонента, 85% за платите и надоместоци. Сега ако во минатото сме биле приморани за развој на државата да имаме таква структура на Буџетот,јас верувам и како професор сте ја критикувале таа структура на Буџетот. Значи, секој би посакал да има поголема приходна страна како би можел развојната компонента во Буџетот да ја зајакне.

Ајде да разговараме за капиталните инвестиции.

Капителните инвестиции што во Предлог-одлуката што вчера ја усвоивме, беа застапени на одредено ниво, е прашање на формирање на приоритети. Ние би посакале и го делам мислењето на голем број на експерти кои пишуваат или јавно се обраќаат до Владата или се прашани за мислење, што е со инвестициите во инфраструктурата.

Јас слушнав дека за 2008 година ќе имате силна офанзива во патната инфраструктура, но од овој Буџетот тоа не можам да го видам. Има објективни околности, јас знам дека Фондот за патишта е инструментот преку кој што Владата го сервисира тој дел, ама за жал, ние тоа не можеме да го видиме како пратеници. Јас имав прилика на Комисијата за транспорт и врски да слушнам од директорката на фондот за патишта како ги проектираат предлозите за капиталните инвестиции за 2008 година за овој Буџет. Само морам да кажам дека се фрапирав. Значи, таа кажа една сума од 250 милиони денари обезбедени средства за пат за скијачкиот центар на Кожув. А од друга страна, која што на широко, на големо, значи Коридорите 8 и Коридорите 10 се крвотокот на инфраструктурата на Република Македонија се во лоша состојба и не се развиваат, се запоставуваат. Сега да не зборувам локалистички, не е локалистички, превојот Плетвар во кој што е црна точка, за патната инфраструктура и тука се одвоиле 80 милиони денари. И тоа среќа што ете, членувам во Комисијата за транспорт и врски и што директорот имаше волја да ги каже тие проекти.

Ние, како пратеници немаме прилика да видиме, еве и при расправа за Буџетот 2008 година, како тие средства ќе се трошат. И кога наеднаш ќе добиеме предлог-одлука за распределба на средства, бидејќи тие не можеле да ја потрошат и нормално е дека целиот гнев ќе го насочиме кон вас, бидејќи вие, по таа функција која што ја имате, сте задолжени да ги браните работите кои не зависат од вас или не можат да се бранат во нормални околности.

Административните капацитети или политичкото менаџирање на одредени институции е слабо и вие тоа можете да го признаете или не сакате да го признаете јавно, но е факт. Капиталните инвестиции се рак-рана на оваа Влада или трошењето на буџетските средства, менаџирањето на расходната страна е катастрофално. И се обидувате постојано да прелевате од шупливо во празно, да балансирате со средствата онака како што може да се балансира за да пренамените на објекти кои што во нормални околности се на дното на приоритетната листа.

Нормално дека кај нас ќе се јават сомневања и ние и подгравањата во јавноста дека нешто тука не е во ред, дека нешто лошо мириса, се потврдува, можеби не е точно. Но, минута до 12 да се трошат 45 милиони евра за неприоритетни проекти, бидејќи не успеале буџетските корисници да ги потрошат со она динамика со која што е зацртата, извинете, ама тоа е потполна неспособност.

И сега, значи, испаѓа дека стално ве изненадуват позитивните трендови на буџетски суфицит. Значи, позитивната страна на зголемување на приходите постојано ве изненадува бидејќи не знаете што да правите со тие пари, ги расфрлате на навистина смешни проекти за кои што народот се сити, за жал, се јавуваат и сатирични ситуации во кои што навистина добива поинаков контекст целата работа.

Ајде што станува, не можеме да видиме во Буџетот, за главниот проблем кој ќе се репрекуира во сите сегменти. Јас не ве слушнав почитуван минстре, можеби ќе кажете, не кажавте ниеден збор за енергетскиот сектор. Тука се очекуваат најголемите проблеми. Нафтата на светските берзи ќе достигне максимална вредност во последниве години, струјата на светските берзи енормно расте, вие отворате фонд на голема врата со најголемиот инвеститор во последниве години со ЕВН, постапувате спротивно на европските директиви кои што се однесуваат на либерализацијата на електричната енергија, правите еден од јавните претпријатија монопол, преку закон за енергетика, ви посочуваат сите дека правите огромна грешка и тоа силно ќе се одрази на проиктираниот Буџет.

Најавите на експертите, дека ако не успеете добро да ги менаџирате големите потрошувачи кои секаде во светот имаат попривилегирана положба од малопотрошувачите, во однос на цената на електричната енергија што ја откупуваат, а кај нас е сега обратно, со драстичен скок уште повеќе, она индустриско производство за кое кажавте дека е околу 5% е предвидено дека веднаш ќе падне на 4% уште во првиот квартел на 2008 година.

Негативните ефекти во енергетскиот сектор веднаш ќе се осетат на тоа поле. Тоа е неминовно. Вие се фалите со извозната страна што во делот на металургијата зазема значајно место. Тоа е така, бидејќи на светската берза металите добро котираат. Извозот од овие големи потрошувачи на електрична енергија е главниот процентуален влог во прихдната страна, во делот на зголемување на извозот.

Сега, енергетскиот сектор, енергетскиот удар што ќе следи, ќе предизвика страшно нарушување на проектираниот Буџет. Верувам дека тоа лично уште подобро го знаете. Но, јас не видов со што Владата ќе одговори стратешки на овие предизвици што објективно и не зависат од Република Македонија.

Ама ние, на толку негатвиниот тренд што постои во Европа, уште повеќе ја предизвикувме со политичките пореметувања, постои главен тренд, трите компании што произлегуваат од поранешното ЕСМ сакате да ги споите повторно во едно. Сите чекори водат кон тоа.

Сакам да коментирам во другиот блок, сиромаштијата и невработеноста.

Кажавте дека има пораст на платите од реално 5,1% и дека потрошувачката кошница не е толку зоглемена за овие плати да можат да го покријат тоа. Мислам дека ситуацијата е далеку од реалноста.

Сиромаштијата од ден на ден поприма се поголеми размери. Кај големите буџетски корисници: образованието, здравството имате доцнење на платите, имате голем јавен внатрешен долг на граѓаните кон банките. Тоа

добро го знаете, кажавте дека кредитната задолженост не е толку голема и има некој процентуален износ кој може да се дозволи и поголема кредитна задолженост, вратрешна.

Мислам дека едукацијата на населението во тој дел е премногу слаба и тие одат во амбис во однос на задолженост кон банките. Сите имаат картички, по две или три и покриваат од една сметка на друга сметка. Оние кои умеат тоа да го прават, за да се намали негативната камата, кој секој корисник, особено на буџетските средства безмалку ја има.

Се живее од денес за утре.

Да го цитирам мојот колега, претеходен говорник Игор Ивановски направете сондажа или јавна анкета помеѓу наставниот кадар, здравствените работници, да ви кажат како тие ги чувствуваат овие позитнивни промени. Макар и за ваши потреби. Дали внесувањето на платежните картички во оној обем, онака како што беше, предизвика краток социјален мир или ќе предизвика социјална револуција во наредните 6 месеци. Времето е пред нас, ќе покаже дали сум во право или не.

Рековте дека имате план за поттикнување на вработеноста и, да рецитирам, кажавте дека приоритет на оваа Влада е конкурентност на интернационалниот Пазар со квалитет на производи за извоз и со квалификувана работна сила.

И цитиравте дека има безмалку 35% невработено население, од кои што 21% се изјасниле самите дека не бараат работа.

Јас би ве посочил на Националната програма за развој на образованието 2005-1015 во која што се сублимирани статистичките показатели за структурата на невработеното население, образовната структура која што ја цитиравте без малку и вие, не во ова обраќање, и премиерот, дека околу само 5% населението има високо или више образование и затоа воведовте кампања “образование за сите”.

Ви се молам ја напуштивте онаа стратегија која што се работеше доста квалитетно, деталистички за 2005 - 2015. Значи, таму станува збор за методи и постапки како да се направи процес на преквалификација и доквалификација на невработениот кадар, да се одговори на предизвикот на побарувачката на постојната берза на трудот. Сега ние имаме многу земјоделци кои што немаат ни основни едукации како да го подобрат своето работење во земјоделието. И зборувате за квалификувана работна сила.

Не видовме ни во Одлуката за прераспределба на средствата од Буџетот како Агенцијата за вработување работи на програмата за преквалификација и доквалификација. Се издаваат сертификати, уверенија од работнички универзитети? Ние Законот за образование на возрасни го имаме сега во процедура. Овој простор не е законски решен. Зборувате за образование за сите во контекст на доживотно образование. Час поскоро требаше да работиме на тие закони. Законот за високо образование во кој што се вложува многу за реформа во високото образование, за да не западнат универзитетите во агонија. Веќе е влезена, бидејќи со Болоњската декалрација со реформите се касни, се повлече од собраниска процедура. Првата беседа која ја имавме по повод конституирањето на Владата ви посочивме дека тоа е ургентен закон. Тогаш се смеевте, сега е оставено по страна потполно.

Би сакал збор два за транспарентност во трошењето кое што го посочивте во вашето експозе. Извинете, но транспарнтност на трошењето најмалку има кај оваа Влада. Тоа ви е посочено од голем број на здруженија, невладини здруженија, организации и од опозицијата на која што одговарате или со ироничничи насмевки како Влада или го одмолчувате тоа. Инаку, би одговориле на безброј пратенички прашања, јавни прозивки колкави суми се трошат на рекламирање. Бројот на рекламите можеме сами да го утврдиме, но не знаеме колку чинат. Неофицијално по 400 илјади евра е една реклама. Кој е ефектот од тие реклами. Домашните реклами, а за странските во сите финансиски гласила за привлекување на странски инвестиции не можеме ни да допреме до таа бројка, ниту ние како опозиција, ние како пратеници и од позиција, па камо ли обичниот граѓанин да добие транспарентна информација како се трошат нивните средства и кои се ефектите од трошењето на тие средства.

За самата одлука која што вчера ја изгласавме е еден опасен преседан во идното работење на секоја Влада, бидејки ќе ги покрива неспособностите за трошење на буџетските средства од страна на буџетските корисници задолжени по закон за трошење на тие средства да може час поскоро само да се расфрлат парите по невладини здруженија, организации. Примерите после вчерашното изгласување на Одлуката, инфорамциите кои што доаѓаат се запрепастувачки. На некои невладини организации кои што биле вчера или некни - човек невладина организација, конституирани им се делат по 9, 10 илјади евра само за некои резерви, за кои што можеме само да претпоставуваме зошто ќе бидат. Запрепастувачки се. Пак се враќаме на тие капитални инвестиции кога државата градела цркви за да може во Буџетот ставка да се стави изградба на две цркви во Битола. Тоа ли се приоритетите на оваа држава. Во огромна бројка на невработени кои што очекуваат конкретни чекори, вие кажавте дека невработеноста се намалила за 1,1%. Можеби тоа е така, ама тоа е капка во море. Од вас очекуваа чуда. Вие со вашите популистички методи ги подгреавте очекувањата на луѓето дека невработеноста преку ноќ ќе исчезне. 1,1% тоа е за анализа, каде тоа се случило, ама ефектите барем во поголемите градови не се баш видливи. Останува мистерија на толку добро проектиран Буџет во кој

што за земјоделието кажувате дека ќе бидат издвоени 40 милиони евра, зошто не се исполнува законската обврска за субвенционирање на тутунопроизводителите од 15 денари по килограм. Јас знам дека сум можеби досаден со ова што постојано го потенцирам, ама нема одговор зошто. Со Закон е тоа утврдено. Ако е Законот лош, го донеле претходните, сменете го. Кажете дека не е добар и дека треба да не постои после тој Закон. Ама, до важење на тој закон вие имате уставна обврска да ги почитувате тие закони и да ги исплатите тие средства.

Средствата за тутунопроизводителите, за реколтата 2006 година не се исплатени. За 2007 година нема ни најави. Можеби во Буџетот за 2008 година имате предвидено нешто, ама ние ве слушаме тука ќе се субвенционира земјоделието со 40 милиони, 60 милиони, 100 милиони, ќе се правиона со толку милиони, ќе се правиова со толку милиони, помина уште една фискална година, 2007 година. Резултатите не се толку видливи. Посиромашно се живее. И во делот кој што гокажавте со храна, тоа ме поттикна, да на светските берзи храната ќе доживува пораст. Кај нас можеби помалку бидејки сме некој земјоделски крај во кој што ако ништо повеќе се произведува за сопствените потреби и така опстојуваат поголем дел од семејствата. Ама, има недостиг на стратешки производи и потреби, пред се пченицата.

Господине министер не успеавте да одговорите на светската криза, добро да ја менаџирате претпоставената криза која што доведе до драстично поскапување на лебот во Република Македонија. Топа што 99,9% од семејствата дирекно ги погодува. Да успеевте во септември месец кога цената на пченицата беше 12 денаи по килограм и да ги слушневте мислењата, да не бевте толку арогантни како Влада и да ги слушневте мислењата на мелничарите и другите експерти, да реагиравте на светските берзи и да купевте пченица по таа цена ние немаше сега да го имаме тој проблем. Сега, за првиот квартал за 2008 година вие треба да очекувате голем ценовен скок, шок кој што ќе биде подгреан со цената на нафтата бидејки учествува како инпут во сите производи и со цената на електричната енергија. Неофицијалните инфорамции кои што допираат до нас, јас не сакам да верувам но се погласни се дека вие имате една страшна стратегија како Влада. Велите вака, ние ќе го купуваме социјалниот мир во 2008 година и нема да дозволиме цената на струјата да се зголеми за домаќинствата. За таа сметка големите потрошувачи нека си се снаоѓаат како знаат и умеат. Ние од Буџетот за 2008 година ќе ги субвенционираме ЕЛЕМ и МЕПСО, ама ЕВН нека си се снаоѓа како знае и умее. Тие загуби кои што му се до сега признаени со закон од 24%, по новиот Закон за енергетика ги сведувате на 11% и тоа значи е една краткотрајна популистичка метода која што ќе донесе до страшни последици во 2008 година. Во енергетскиот сектор како бумеранг ќе ни се врати на сите нас, на населението. Ако ја спроведувате таа политика тоа вие како универзитетски професот, како експерт знаете дека краткорочно може да се покрива година, две, па и три. Ќе ги добиете изборите на база на пупулизам и што потоа. Надоаѓаат галопирачки разорувачки ефекти кои што нема да можеме да ги издржиме. Закрепнувањето на економијата се врши чекор по чекор со непопуларни мерки, со реформски зафати. Оваа Влада ги избегнува непопуларните мерки, заради тоа што тоа ќе се одрази на нивниот рејтинг. Значи, главна преокупација на оваа Влада е како да го задржи високиот рејтинг по цена на тоа ќе направи се, без оглед на последиците кои што ќе ги трпиме.

Значи, да резимирам, не сакам да ширам повеќе, Буџетот за 2008 година останув анепознаница за нас. Проектиран е во глобални рамки на техничко ниво, но во 2008 година ве предупредувам дека ќе се случат толку негативни трендови и политички и пазарни кои што не зависат од Република Македонија, што бројката од три ребаланси на буџети за 2007 година ќе ја надминеме во 2008 година. Благодарам.

**Бесим Догани**: Ви благодарам.

За реплика се јави Илија Димовски и господинот Влатко Ѓорчев.

Прв за реплика е господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе,

Ќе се обидам да одговороам на некои дилеми кои што ги имаше почитуваниот колега Герамитчиоски.

Прво, пробелмот со реализацијата на капиталните инвестиција во 2007 година е тема која што долго време ја дискутираме во Собранието и мислам дека е добро што ја дискутираме од аспект дека и ние како законодавен дом треба да извршиме одреден степен на притисок врз државната администрација да ги забрза типовите. Јас ќе кажам два податоци кој што се надевам ќе ви користат за да ви се промени малце визијата од негативна во позитивна, а тие се објективни податоци не се нешто кое што ќе го користат во манипулација како некој од вашите претходни колеги односно дискутанти кои што пред вас говореа.

Прво, реализацијата на капиталните расходи во 2007 година не е на 100% ниво. Тоа е така, меѓутоа треба да имате во предвид дека и во апсолутна и во процентуална смисла ако ги земете анализите за минатите години, 2006, 2005 година ќе видите дека пред се во апсолутна смисла како количина на средства е многу повеќе од било која година од мандатот во кој што вие бевте на власт. Значи, ве молам тоа имајте го во предвид и би било фер да потенцираме дека е направен значителен прогрес во трошењето на средства во капитални инвестиции, штокако тенденција според Предлогот на буџетот гледаме дека Владата има намера да продлжи со та

динамика, поради тоа што од 8 милијарди евра кои што беа предвидени за капитални инвестиции во 2007 година, во 2008 година во Буџетот има 19 милијарди евра што е значителен пораст, меѓутоа сигурно ви е добро ги познавате тендерските постапки и знаете дека дел од на непотрошените средства се базира на тоа штонеретко односно често се случува реализираната сума да биде помала од проектираната сума благодарение на тендерската цена која што е постигната. Јас знам еден проект кој што Владата го работеше во градот Веелс за 25% се намали цената на чинење на проектот преку постигнување на пониски цени на тендерот. Тоа не значи дека тие 25% ни ги потрошила Владата затоа штоне знаеле да ги потроши, тоа значи дека пазарот со пријавување на повеќе фирми на тендерот ја довел цената односно потрошувачката од Буџетот на пониско ниво. Добро е тоа што Владата во минатата година покажа поголем степен на флексибилност и мобилност за тој вишок на средства кој што настанув апри вакви постапки се пренамени и не изгори. Тоа беше впрочем веројатно и одлуката која штоја донесовме вчера за тие пари да се потрошат за изградба на северна трибина, набавка на возила, инвестиции во Битола во индустриската зона и т.н. и т.н. Јас се надевам дека ова што го кажав ќе ви користи барем малку во проекцијата на вашите ставови. Благодарам.

**Баесим Догани**: Благодарам господине Димовски.

Контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Оваа Влада не умее да ги препознае приоритетите во капиталните инвестиции и да направи приоритетна листа на која што ќе се придржува. Ако е одговорна администрацијата или Законот за јавни набавки односно тендерите, па почитуван колега овде дебатиравме 20 дена за Законот за јавни набавки, јас учествував во тие процеси и по сила на нештата ви укажував, и други пратеници ви укажуваа на големи недоследности во Законот за јавни набавки кои што ги кочат процесите за реализација на средствата. Вие мислевте дека ние ја одолговлекуваме расправата. И го усвоивме Законот за јавни набавки, проблемот не исчезна. Останаа проблемите и тоа е факт.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор господинот Влатко Ѓорчев за реплика, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарма потпретседателе, почитуван коелга Герамитчиоски со внимание ја следев вашата дискусија и би се задржал во неколку делови кои што се однесуваат на неа.

Прво, тоа е она што не може да се демантира. Тоа е дека ние според сите клучни економски показатели ја имаме најдобрата година во овие 17 години македонска транзиција. Дали сеуште економските проблеми се бројни. Навистина се и нема дилема околу тоа. Дали во Македонија сеуште се живее тешко, да се живее и во наредните години ќе се живее, но сепак според она што го имаме како клучни економски показатели мислам дека имаме каков таков напредок.

Имаме намалена невработеност за 1,1%. Во време на вашата Влада таа невработеност постојано одеше нагоре, се зголемуваше сега иако далеку од тоа дека е решен проблемот, но сепак тој тренд колку толкуоди надолу.

Втора работа, имаме раст на економијата оваа година. Тој раст ќе биде некаде околу 5%. Видов овие денови во прилог на А1 телевизија каде почитуваниот економист Владимир Глигоров вели дека економијата во Македонија расте затоа што расте во регионот. И во Бугарија економијата растела 5%, во Грција 3,7%, во Албанија 6%, во Србија 6%, па ете затоа и во Македонија економијата расте 5%. Не е тоа причината. И во 2004 година и во 2003 година и во 2006 година имавме поголем дури поголем раст на економиите во овие земји, во Албанија 7%, во Бугарија 5%, во Хрватска 5%, во Грција поради Олимпијадата растот одеше и до 4,2%. И во исто време во Македонија за време на Бранко Црвенковски како премиер Никола Поповски како министер за финансии имавме раст на економијата од 2%.

Значи, апсолутно не станува збор за раст на македонската економија поради регионалниот раст. Тоа придонесува, но првенствено тоае поради политиката на оваа Влада.

Кога зборувате за цените на храната, мислам, сега веќе и кратко е времето да зборувам за тоа, навистина не ги обманувајте македонските граѓани. Станува збор за светски процес. Еве тука е весникот “Економист”, врвен светски реномиран неделник на економијата од 1843 година. Знаете што велат? Велат дека пред 20 години, во 1987 година, секој Кинез јадел месечно 18 кгр. месо. Денес секој Кинез, ги има 1.200.000.000, јаде по 50 кгр. месо. Тоа е една од причините за светскиот раст на цената на храната.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Гајле им е на Македонците дали Кинезите јаделе 18 кгр. месо или не знам колку.

Тие луѓе кои сега ве гледаат и слушнаа дека 2007 година била најдобрата година, се прашуваат зошто толку полошо живеат од било кога, зошто се во таква економска криза во која не можат да го прехранат своето семејство, или да одговорат на елементарните потреби што ги налага едно нормално живеење. Сега вие овде можете да ми покажувате показатели, но првиот пад на процентуална невработеност се случи во 2005/2006 година од 5%. Самиот министер кажа дека од 35%, 21% се изјасниле дека не бараат работа и ако Владата се реши да ги избрише од листите на Агенцијата за вработување, ќе имате

страшно намалување на невработеноста и можете да излезете пред јавноста и да кажете успеавме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има господинот Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници.

Слушајќи го и читајќи го вашето експозе, сакам да ви заблагодарам затоа што наспроти суровата стварност и реалност, со вашето експозе, нам пратениците и граѓаните кои не следат им отворивте очи и всушност видовме каков напредок во нашата благосостојба настанал во последната година. Имено, вашето излагање обилуваше на неколку места со такви изричити квалификации од кои недвосмислено се стекнува впечатокот дека во Република Македонија се живее многу подобро една или две години порано. Само да истакнам неколку од тие ваши констатации, ќе цитирам некои работи: "Она што ми е особено драго да го истакнам се постигнатите резултати во подигањето на животниот стандард на граѓаните, во 2007 година", или "и покрај порастот на цените, реалната куповна моќ на платите значително е зголемена". Се разбира тука тоа го илустрирате и со потрошувачката кошничка каде тврдите дека реално таа е зголемена.

Јас предлагам, бидејќи Собранието е основач на овој собраниски канал, вашето експозе во наредниот период да биде повеќе пати репризирано, особено за празниците за оние луѓе кои работат да можат сериозно да ве следат. Значи од четврток, задутре е Курбан Бајрам, па за новогодишните и божиќните празници, барам, службите ќе ми помогнат и официјално барање да испратиме до собранискиот канал, експозето на министерот за финансии во кое тврди дека во Република Македонија значително подобро се живее, да биде репризирано неброен број пати, толку колку што цениме дека граѓаните треба да го слушнат. Се надевам дека по логиката на Владата, до колку пати една лага се повторува, толку поголем број на граѓани ќе успеете да убедите во тоа, јас баш би сакал да ја видам тука во Собранието таа потрошувачка кошничка која е поголема во однос на претходната.

За жал, господине министер, не слушнавме ни трошка самокритика, ни трошка дистанца од актуелните состојби, што од вас како чувар на државната каса секако се очекува. Секогаш министрите за финансии во една влада се оние што имаат највисок коефициент на самокритика и на гледање на работите од дистанца. За жал, можам да констатирам дека наместо како министер за финансии, вие тука повеќе настапивте како типичен партиски функционер, во обид сите да не убедите како подобро живееме.

Преку игри со статистичките показатели.

Граѓаните на Република Македонија треба да знаат дека сега тоа што го имаме пред нас е рекордно најголемиот Буџет во историјата на независна Македонија 2.200.000.000 евра Владата ќе потроши идната година. Тоа е многу значајно да се компарира со последните достапни податоци.

Што направи вашата Влада господине Славески за овие две години.

Да ве потсетам, по завршната сметка за 2005 година, Владата потрошила 100 милијарди денари. Сега само две години подоцна вие ќе трошите 134 милијарди, за 34 милијарди повеќе или за цели 560 милиони евра. Што толку во квалитетот на услугите на граѓаните се подобри, господине Славески, во овие две години за вие енормно за цели 34% да го зголемите Буџетот, цели 560 милиони евра каде се потрошени? Никаков реален показател нема, било во услугите што ги добиваат граѓаните, било во другите сервиси на администрацијата што би го оправдал тоа расипничко трошење од 560 милиони евра повеќе. Никаков показател. Што значи тоа, тоа енормно зголемување за 34% во трошењето на Владата. Тоа значи дека 560 милиони евра повеќе ќе бидат исцицани од стопанството и од осиромашените граѓани. Што е заклучокот и што е кредото на работата на вашата Влада: богата Влада, исцицано стопанство, осиромашени граѓани. Тоа е резултатот и ефектот од овој Буџет и 2008 и во 2007 година, како што видовме и како што финално ќе покаже завршната сметка. Значи овој Буџет ги има сите одлики на еден етатистички и популистички буџет зачинет со еден дополнителен непријателски став спрема стопанството.

Позната е објавата на вице премиерот Ставрески кој во едно интервју ни соопшти дека фирмите биле, замислете, заинтересирани само за профит. Затоа господинот Ставрески помина 5-6 години во Светска банка, дел и на трошок на оваа држава, за да се врати од Вашингтон со големото сознание дека, за жал, фирмите биле заинтересирани само да прават профит и од таму врз основа на ова капитално сознание на Ставрески, Владата тргна во превоспитување на стопанствениците, па во Собранието предлага и за жал мнозинството гласа, многу мерки кои одат во насока на зголемена државна контрола и интервенција во стопанството. Само да ве потсетам, врз основа на ова капитално сознание на Ставрески, во Собранието предлагате ограничување, што е противуставно и што ќе падне, на пензиските друштва кои се директни странски инвестиции кои управуваат со вториот пензиски фонд, се целосно спротивно на договорите потпишани со нив и фер практиката. Сега планирате да преземете слични мерки и спрема ЕВН. Значи еден исклучително непријателски став спрема странските инвестиции, наспроти полната уста зборови за странските инвестиции.

И она што јасно се гледа од Буџетот, што и претходната година се гледаше, меѓутоа можеше да биде протолкувано како инцидент, но оваа

година тоа дефинитивно е потврдено со овие огромни зафаќања, желбата на Владата да колонизира се, да го колонизира бизнис секторот, да го колонизира цивилниот сектор, да ја колонизира локалната власт, да стави рака врз регулаторните независни тела и сето ова ќе ви го аргументирам.

За обидот за државна интервенција и за колонизација на бизнис секторот, ви укажав токму низ овие примери со двата пензиски фонда од словенечките инвеститори и со австрискиот инвеститор ЕВН.

Преку цивилниот сектор, на пример последниот чекор што пред неколку дена го направивте, парите на пензионерите од солидарниот фонд кои се пари на цивилниот сектор, ги поддржавивте, односно ги ставивте под целосна контрола и во функција на владините програми.

Локалната власт. Зарем треба да истакнувам примери како ја колонизирате работата на локалната власт.

И последната ЕУ критика што стигна од ЕУ извештајот, каде што за жал, со неколку закони тука во Парламентот, се намалува или се одзема независноста на регулаторните тела и за тоа претрпевме сериозни критики од ЕУ. Значи поентата е дека се зголемува директното влијание на државата врз економијата, за сето тоа да добие и филозофско објаснување, вашиот владин филозоф, советникот на премиерот, во Колумна во еден дневен весник ни ги објаснува и ни ги открива убавините на државниот капитализам. Човекот, очигледно и Владата нема стомак за пазарно стопанство, туку излеговме од државен социјализам и бидејќи немаме стомак, ајде сега да се вратиме на државен капитализам и тоа во една рудиментирана форма, во една форма што е наспроти цела логика и сите закнитости на пазарното стопанство. Сега што е целта?

Дали ваквиот пристап на ВМРО-ДПМНЕ произлегува од идеологијата на оваа партија и воопшто од профилот. Зошто една десничарска партија, зафаќањата од фирмите и од граѓаните ги зголемува за енормни 560 милиони евра за само две години, или за цели 34%. Зошто? Затоа што, не е работата во идеологијата, затоа што вие немате идеологија, тоа е очигледно, бидејќи не би нуделе таков Буџет. Тоа е Буџет кој би личел на вашиот партнер НСДП, меѓутоа свесни сме за нејзината јачина во Владата и не верувам дека тие се креатори на овој Буџет.

Целта на овој Буџет е јасна. Со драстично зголемување на финансиските инструменти во рацете на Владата да се искористат тие преку разни облици на државен интервенционизам за да се обезбеди уште еден мандат. Тоа е типичен предизборен буџет. Тоа не е развоен буџет. Тоа е предизборен буџет, со вакви огромни бројки кои на Владата и даваат големи дискрециони права како ќе ги троши овие средства.

Она што е, за жал, најтрагично, а што доаѓа од десничарска Влада, тоа е драстичното зголемување на даночниот товар. Повторно ќе ја земам за референтна последната година на претходната Влада, целосна година, 2005, господине министер.

Според Завршната сметка на Буџетот за 2005 година, приходите т.е. вкупните оданочувања биле на ниво од 100 милијарди денари. За 2008 година вие предлагате 128 милијарди денари. Значи 450 милиони евра повеќе, директно од фирмите и од граѓаните. Токму овие зголемени приходи се доказ дека постои зголемено даночно оптоварување. Значи, се зема од и така неконкурентното македонско стопанство и од осиромашените граѓани низ 15-те години транзиција, за Владата да има повеќе да троши, а за жал, како што видовме низ повеќе примери, во многу делови и целосно арбитрарно и во однос на алокацијата и во однос на висината на средствата, а особено таа арбитрарност и таа импровизација, видовме со последната одлука која, за жал, ја усвоивме, незаконска одлука и го гледаме секојдневно преку кампањите што Владата ги спроведува континуирано, без да можеме да ги најдеме во буџетските позиции.

Сега централното место за кое се надевам ќе сакате да полемизираме е на што се должи зголемувањето на приходите. Владата тврди дека тоа се должи на зголемениот економски раст и за подобрената работа на УЈП и Царинската управа.

Претставникот на СДСМ тврди дека тоа апсолутно не е точно и дека целото зголемување се должи на зголемувањето на даночното оптоварувње. Според мене, вистината е некаде помеѓу. Точно е дека економскиот раст, кој што реално не е толкав колку што го прикажувате со промената на пондерите во Заводот за статистика, меѓутоа постои, доведува до зголемени приходи. И вие убаво си признавате во текстот на макро економската политика дека на пример, зголемувањето на данокот на доход се должи на добрите резултати на фирмите, ама кога, во 2006 година кога имаше една друга Влада, многу попријателски ориентирана кон стопанството. За 2007 ќе видиме како ќе биде.

И има елементи, особено на добра работа, која што јас тука од оваа говорница сакам да ги пофалам на Царинската управа и која што верувам дека и со дополнителните инвестиции што се прават и со дополнителнителното инвестирање во но-хау, во Царинската управа, тие резултати ќе бидат поголеми и наредните години.

Меѓутоа значи, голем дел, а за жал тоа од вашите табели кои што ги криете во Министерството за финансии, кои што не може да се добијат, меѓутоа голем дел од зголемените приходи се должат на дефакто на зголеменото даночно оптоварување. И тука имате кај ДДВ-то по основ на зголемените цени на производите, особено на нафтените деривати каде што, како што расте цената, така ви растат и процентуално приходите од ДДВ, кои што вие на еден крајно

нефер начин према македонското стопанство и македонските граѓани ги задржувате, без и најмал напор преку некој директен или индиректен облик да ги вратите во оптег.

Во однос на персоналецот, точно е дека стапката е намалена и тоа е чекор за поздравување, меѓутоа драстично ја проширивте основицата, и што покажуваат сите полугодишни пресметки на фирмите, особено на трудоинтензивните фирми, господине Славески, погледнете ги. Сите плаќаат повеќе по основ на персонален данок. Како е тоа возможно кога ја намаливте стапката. Па возможно е, затоа што ја проширивте основицата на плаќање на персоналниот данок.

Или, како тоа изгледа на ниво на просечна македонска фирма, особено од трудоинтензивните области или од делот на услугите. Персоналецот е зголемен поради ова проширување на основицата, значи фирмата многу повеќе плаќа на име на персоналец, придонесот за здравствено осигурување со вашата мерка за хармонизација е зголемен и сега 2008 дополнително ќе го зголемите, значи во уште потешка позиција ќе ги доведете фирмите што работат  лоун и во текстилната, и во кожарската и во чевларската индустрија, а тие фирми вработуваат околу 70 илјади граѓани во Република Македонија.

Воведовте нов данок на имот, кој што досега беше непозначаница за тие фирми, значи дополнително им ги зголемивте расходите и по таа основа и енергенсите и дополнителни се расходите по основ на енергенсите, по основ на зголемена цена на енергенсите. И што се случува сега господине Славески во една просечна македонска фирма, По сите основи трошоците растат. Се соочуваат со неликвидност и со зголемена неконкурентност. И затоа господине Славески за 10 места паднавме на светската листа на конкурентност на најреномираната институција Светскиот  економски форум од Швајцарија. 10 места паднавме. Како е возможно тоа. Па ете токму вака, затоа што со вашите мерки на Владата ги правите нашите фирми неконкурентни на европскиот и на глобалниот пазар. И за жал, јас не гледам нешто во овој Буџет или во макроекономската политика што ќе ја промени оваа состојба. Кое е решението според нас од Либералнодемократската партија за надминување на овие состојби.

Прво и основно, намалување на оптоварувањата. Повик до ВМРО-ДПМНЕ, бидете реална десничарска партија. Правете го она што е логично за секоја десничарска влада било каде во Европа. Вие се однесувате за жал, морам да признаам шизофрено. Велите дека сте десничарска Влада, го зголемувате Буџетот за енормни суми, зафаќајки од стопанството. Значи мора да го намалите даночното оптоварување. Ова со персоналецот, споредено со проширување на основицата господине министер е само шминка. Реалното намалување, каде треба да се постави, во намалувањето на придонесите и во Фондот за пензиско и во Фондот за здравствено. Наместо овие пари да ги трошите, да ги фрлате во кампањи и да ги истурате во разни бунари, кои што не можеме да ги најдеме и со оваа одлука последнава, тоа беше доказ, дајте намалете го за 10% придонесот за пензиско осигурување.

Зошто да биде 21,2%. Тврдам дека може веднаш да падне на 19 или на 18% и дефицитот од две милијарди што ќе отвори во Фондот да биде покриен од буџетските пари. Многу подобро ќе биде, многу подобро ќе влијаете на конкурентноста на фирмите ако две милијарди од Буџетот алоцирате во Фондот за да го покриете дефицитот за да настане намалување на придонесите одтколку што ги расфрлате во разно разни кампањи. Направете го тој потег, тоа е храбар потег, меѓутоа и опозицијата и ЛДП ќе ве поддржи. Значи мора да ги намалите придонесите. Нашата работна сила е сеуште неконкурентна, и тоа најдобро ако сакате да се информирате, отидете во било која од овие фирми што особено работат лон и што вработуваат огромен дел од македонската работна сила. Меѓутоа, вие што правите? Не само што не го намалувате надоместокот за пензиско и инвалидско осигурување, туку дополнително го зголемувате надоместокот за здравствено осигурување и тука треба тоа да им биде јасно на сите компании во Република Македонија, онолку колку што се зголеми од јули оваа година придонесот, оптоварувњето за здравствено осигурување, за уште толку ќе се зголеми од јули 2008 година и тоа прецизно и јасно стои во вашата макро економска политика. Значи нов удар особено на трудо интензивните компании, од јули дополнително зафаќање и баш би сакал да ги слушнам тука неколку истакнати бизнисмени од редовите на владеачкото мнозинство како тие ќе се справат со ова зголемување и колкав одлив ќе имаат, колкаво зголемување на трошоците. Тука има неколку пратеници што се многу гласни во пофалбите на Владата, но што сега не ги слушам. Со стотици илјади евра дополнителни трошоци ќе треба да ја платат оваа наводна хармонизација на здравствените придонеси. Хармонизација - да, меѓутоа, мора да оди придонесот и надолу.

Наредна мерка што мора да ја преземете ако не сакате наредната година да паднеме уште десет места на листата на конкурентноста е да направите некаков флуктуирачки механизам што барем во извесна мерка ќе го неутрализира или минимизира движењето на цената на нафтените деривати, бидејќи и така ништо друго не правите во енергетскиот сектор и можноста на фирмите со други енергенси да се снабдат. Значи мора да играте, со ДДВ, не се согласувам да се чепка тука, меѓутоа, со акцизата имате простор да играте и да ја поставите таа да се движи да биде флуктуирачка врз основа на движењето на цените на суровата нафта на светските берзи. Тоа е мерка што би се очекувало од една влада во функција на зголемување на сопственото стопанство. И комбинирано со ова што го говорев

за намалувањето на придонесите, ако велите дека Управата за јавни приходи е толку добра и ефикасно работи, тогаш зошто она што постоеше како идеја и од порано, зошто собирањето на сите придонеси, здравствен, пензиски и од Агенцијата за вработување не ги лоцирате во Управата за јавни приходи. Ако е таа толку ефикасна, тогаш ние автоматски ќе имаме зголемување на наплатата од 12%, автоматски, бидејќи наплатата е зголемена на 12% на уплатата на општо ниво кумулативно, значи ќе имаме зголемување и на здравствениот и на пензискиот придонес. Значи само ако примените еден чекор, ако сите придонеси, нивното собирање, ги лоцирате во Управата за јавни приходи, тогаш ако Управата за јавни приходи работи така добро како што тврдите, ние веќе наредната година ќе имаме 12% зголемено собирање на придонеси, што значи веднаш може за 12% да ги намалите пензиските придонеси. Еве ви еден многу конструктивен совет од опозицијата и со задоволство ако сакате, не само вака "кроки", туку и дефинитивно ќе ви го образложам преку цифри и бројки. Значи тоа е чекор што можете веднаш да го направите. Наместо тоа, вие од 1 април ќе тргнете со собирање на сите придонеси во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кој со овој менаџмент има слаби резултати. Да ве потсетам, минатата година, 2006-та, ви оставивме зголемени приходи во наплатата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 10%, историско, најголемо зголемување кое што се должеше на воспоставувањето на нови практики и добар менаџмент. Сега ве нема нешто да се фалите со процентите во макро економската политика. Се фалите кај Управата за јавни приходи 12%, а кај Фондот за пензиско и инвалидско осигурување колку ви е зголемена наплатата? Така, ако сакате да ја зголемите наплатата и да создадете основа за намалување на пензискиот придонес кој е најголем придонес и најмногу ги оптоварува фирмите, дајте применете ја оваа мерка, ЛДП ќе ви даде поддршка.

Светскиот извештај за конкурентноста беше објавен пред три месеци. Прво мислевме дека Владата е во шок од непријатната вест и немавме ваша фамилијарна фотка, пано и објаснување на мерките што ги преземе Владата. Меѓутоа, господине Славески, поминаа три месеци, веројатно Владата до сега се созема и она што очекувам од нашата Влада на чело со премиерот е да излезете со предлог мерки како за 2008 година барем да биде повратено местото изгубено оваа година на светската листа на конкурентноста, па ако мора направете кампања и за тоа, и тоа ќе го издржиме. Меѓутоа, појавете се со план на мерки за решавање на тој проблем, зашто тој е најголемиот проблем. Како што кажав, ако вака продолжите, повторно ќе паднеме и наредната година.

Единствена мерка што јас ја гледам и што за разлика од колегата Ивановски кој што ја нападна, јас сакам да ја поддржам и поздравам, тоа е мерката за инвестирање во 50 менаџери од Република Македонија. Тоа е добра мерка и ЛДП ќе ја поддржи, се надевам дека таа ќе биде врз основа на критериуми направена, не да бидат форсирани менаџери кои се со партиска книшка од ВМРО-ДПМНЕ или ДПА и ако биде така заснована на такви критериуми, ако тие бидат избрани и номинирани од самата бизнис заедница, од двете стопански комори, тогаш ЛДП ќе даде поддршка на таа мерка. Меѓутоа, таквата мерка, и тоа е само една мерка, таа е инцидент. Вие треба господине министер да понудите сет на мерки со кои што ќе го нападнете овој клучен проблем на македонската економија, нејзината ослабена конкурентност.

За странските директни инвестиции, вашата омилена тема и темата на магистерскиот труд на нашиот премиер, не говорите многу. Има еден податок кој што е потполно нејасен и за кој што јас побарав објаснување од вашите заменици, меѓутоа не можеа за жал да ми одговорат. Во макро економската политика велите: во 2008 година се очекуваат странски директни инвестиции од 400 милиони долари, што е - замислете како точно сте пресметале - за 12% повеќе отколку во 2007-та. Значи ли тоа господине министер дека вие не убедувате дека во 2007-та имаме 360 милиони долари директни странски инвестиции, што стои во макро економската политика. Ни оддалеку! Чуму таа потреба така да се лаже во еден клучен документ како што е макро економската политика? Каде ги видовте тие 360 милиони долари за 2007 година? Дај Боже да се, ама не се, и нема потреба, ако така проекциите се засновуваат на лажни податоци за оваа година, како да ви веруваме? И со најдобра волја, како да ви веруваме? Не може да ви се верува, што е исто така многу страшно, во отсуство на странски директни инвестиции, нема ниту домашни инвестиции, не слушнавме ни едно елементарно толкување господине министер ниту од вас ниту од било кој член на Владата зошто во последниот достапен месец за анализа на странските директни инвестиции во месец август нема воопшто прилив на странски директни инвестиции, а има одлив на инвестиции од Македонија. Кој е тој капитал што се одлива од Република Македонија господине министер, во август месец, 14 милиони долари ми се чини? Тоа господине министер е непогрешлив показател дека фирмите го изнесуваат капиталот од Република Македонија, бегаат од Македонија господине министер. Од добро ли се бега или од лошо? Овој податок треба многу да ве загрижи. Значи после неколку години, мислам дека последниот ваков податок - проверете си во евиденцијата на Народната банка - е во воената 2001 година, кога на месечно ниво одливот на инвестиции бил поголем отколку приливот. Мене не ми е јасно како тоа во Владата не ве загрижува и како до сега не најдовте со ниту една реченица да го објасните тој феномен. И ве молам сега да ја искористите оваа прилика да ми објасните како се случи во август да имаме одлив

на странски инвестиции и дали тоа како знак, како сигнал, вас како министер за финансии не ве загрижува и што му предложивте на премиерот за да не се повтори таа состојба, не дај Боже, во септември.

Капиталните инвестиции, мојата омилена тема за која што речиси секој месец ве прашувам и драго ми е дека има напредок барем во следењето, дека сега како што разбрав од септември секоја недела на Владата се реферира за потрошувачката на капиталните инвестиции, меѓутоа, не е во ред вие да манипулирате со податок. Податокот од реализација од само 56%, заклучно со 1 декември, го добив од вашиот заменик министер и потврден потоа на друга средба од вашиот државен секретар - тоа е вашата реализација, 56% до 1 декември. Веројатно имате нов податок сега бидејќи на неделно ниво го ажурирате, меѓутоа, немојте да манипулирате бидејќи сега вие со тој нов податок ќе ја ажурирате и одлуката со која огромни средства од капиталните инвестиции се скинаа и по автоматизам вам ќе ви порасне процентот, она што било 56 во истиот момент со реализација на Одлуката за пренамена станува 66%, затоа што ви се намалени капиталните расходи. Е сега, многу убаво е, човек секогаш се радува кога ќе види дека Владата планира во тоталниот Буџет од 14 на 21 милијарда да оди за капитални расходи, и навистина тоа го поздравувам. Меѓутоа со кој кредибилитет тоа го образлагате тука, како да ви веруваме, кога само 56% од тоа се реализирани. Значи по оваа логика, оваа ставка од 21 милијарда за догодина реално треба да биде 11 милијарди, ако работите приближно толку ефикасно како оваа година.

Она што сакам да ве прашам, како е возможно, бидејќи ова не е случај во сите сектори во Владата, најголеми потфрлувања, катастрофални, имате во ресорите економија, транспорт и врски и одбрана. Како е можно вие да ги толерирате тие министри? Токму овие три министри ви го рушат целиот просек. Тој би бил над 80%, меѓутоа, затоа што имате три неспособни министри во три клучни ресори каде што се лоцирани капиталните расходи, вие тука треба да црвенеете и да се срамите. Што преземате за тоа, кога вакви министри ќе бидат санкционирани? И каде е одговорноста? Зашто вие господине министер сега треба тука да црвенеете за еден податок кој што не го кажувате, имате експозе од сат и пол, но не кажувате како ќе го завршите Буџетот - со суфицит од 0,5% господине министер. Да не беше одлуката, суфицитот ќе беше над 1% од бруто домашниот производ. Се срамите ли од тој податок? Како министер би требало да се срамите, меѓутоа, не треба да ја преземате вие одговорноста, треба да барате од премиерот да бидат казнети клучните министри што не знаат да ги реализираат капиталните расходи. И што имаме како ефект? Се зема, значи она што го говорев, се зема од стопанството, се зема од граѓаните, се трупаат парите во Буџетот и потоа кога треба да се вратат не се трошат. Дупли зијан, двоен зијан господине министер, ем земате, ем ги осиромашувате фирмите и граѓаните, а од друга страна вашите министри не знаат да ги потрошат. Ги хибернирате парите, стојат таму замрзнати, дупли зијан правите на македонската економисја.

Затоа, мора како ресорен министер да барате од премиерот да настанат промени, затоа што ако вака се раководи џабе вие што сте проектирале 21 милијарда, вие нема да имате реализација поголема од 50%-60%, како што ќе имате и оваа година, за жал.

Посебна приказна се донациите. Тука имаме еден “шампион” министер што изгуби еден милион евра швајцарска донација и не можат јавните гласила да го најдат недела дена - човекот се сонча на Бали, во Индонезија, таму е сега климата и времето идеално за одмор и за туризам. Кои мерки ги преземавте вие против овој несовесен министер што милион евра донација губи? Меѓутоа, ова е само најдрастичен пример, вкупните загуби во странските донации неколку милиони евра ви се господине министер, раштркани се низ повеќе ресори и низ повеќе агенции, меѓутоа, ако ги ставите на купче, се работи за повеќе милиони евра изгубени донации. Зошто? Заради повторно неспособни министри и заради партиски војници ставени на клучни места да раководат со овие проекти. И повторно нема никаква одговорност, а ние ќе си губиме и губиме донации и во иднина.

Се надевам дека барем во овој мандат од овие ваши партиски луѓе ќе се научат да менаџираат, па како што велите во вториот мандат, во кој што сте 100% сигурни дека ќе го добиете од граѓаните, белки тогаш со ова учење во првиот мандат ќе знаат нешто да искористат во вториот мандат.

За клучниот предизвик, енергетската криза која што е глобална криза, вие за жал во Буџетот ништо не предвидувате. Погледнете ги капиталните инвестиции во енергетиката, имате само еден далновод од Штип до Бугарија и тоа е целата наша инвестиција во енергетиката. За гасификација, клучниот стратешки проект за државата сте предвиделе само 180 милиони денари или три милиони евра, а за кампањи сигурно повеќе од 20 милиони евра. И големо прашање е дали овие три милиони евра ќе успеете да ги реализирате со оглед на сеуште неразрешените сопственички односи во гасоводот. И ова што го правите сега во Бунарџик е едноставно крпење со цистерни, наместо со реална мрежа.

Значи господине министер да ве прашам: како е возможно при толкави пари 21 милијарда денари само трошки да одат во подигање на капацитетите на енергетскиот сектор, кога енергетската криза и натаму ќе се продлабочува и кога за тоа прашање постојано заседаваат и Европската унија и сите други клучни

меѓународни институции и асоцијации. Каде ви е ТЕЦ? ТЕЦ “Неготино” одлучивте да не го продавате. Меѓутоа сега што, ќе стои како споменик? Сега треба да инвестирате во него. Значи ако сте се определиле да не го продавате на стратешки инвеститор, а главната причина беше дека државата нема пари да инвестира, туку дека треба да дојде некој од страна да инвестира, вие не го продавате, меѓутоа, не ни инвестирате во него. И што ќе правиме сега? Ќе стои тоа и понатаму како споменик.

За жал, како што реков, никаква енергетска стратегија, што го потврди и ресорната министерка за економија, но вети дека до 2009 година ќе имаме енергетска стратегија, така што добро е барем нешто да има.

Клучните приоритети Европската унија и НАТО во владините програми, накратко само за да го истакнам приоритетот на Владата, ќе ја истакнам цифрата, 0,46% од владините програми се даваат за приоритетот интеграција во Европската унија. Тој факт доволно зборува. За НАТО исто така ситуацијата не ви е добра, затоа што точно е дека формално во буџетите ги зголемувате ставките во одбраната, меѓутоа, што да правиме кога Министерството не ги троши, па Буџетот за 2007 година ќе биде ист како оној во 2005 година. Значи ние во одбраната и во 2007 и во 2006 година сме потрошиле исто колку и во 2005 година, наспроти зголемувањата од по милијарда денари на секоја година. Тие пари едноставно Министерството за одбрана не ги потрошило. Зошто? Затоа што повторно има неспособен менаџмент. Армискиот врв си ја врши својата работа, редовно доставува реферати, меѓутоа, нема реализација и кога началникот на Генералштабот сака за тоа да го информира премиерот, премиерот не го прима.

Кажете ми министер за финансии има ли земја каде што началникот на Генералштабот три месеци бара премиерот да го прими, а премиерот иако работи по 16 часа дневно нема пет минути да одвои да го ислуша. Па тоа ли е земја кандидат за членство за НАТО каде што премиерот нема три месеци време да го сослуша началникот на Генералштабот?

И, како што ве предупредив пред некој ден, за 2007 година реалниот трошок на одбраната во бруто домашниот производ ќе биде само 1,9%, не ги лажете луѓето во НАТО со 2,3%. Кажете толку сме способни да потрошиме, 1,9% затоа што толку ќе ви биде бројката.

И каде оди сега расходната страна, најголемиот дел од нашиот Буџет. Најголемиот дел за жал оди во плати и ајде ќе кажеме добро е, ќе се зголеми јавната потрошувачка, меѓутоа, како оди во плати? Хаотично, без никаков систем, без никаква реформска основа. Зошто? Затоа што ниедна реформа на јавната администрација во ниеден сектор не спроведовте и не продолживте, напротив, ги сопревте сите претходни. Нема намалување на бројот на луѓето во администрацијата, напротив, го зголемувате бројот и ќе ви кажам конкретни бројки. Нема ослободување од несуштински дејности, еден процес што тргна од претходната Влада што вие го сопревте. Нема воведување конкуренција во јавните сервиси, што исто така е модел на намалување на корисниците и од буџетската и пошироко од јавната администрација. Напуштен е проектот кој што го работевме заедно со словенците за харминизација на платите во јавниот сектор. И наспроти тој проект, значи крајно арбитрарно, се зголемија сега платите по 10% и дисбалансот што постоеше меѓу одредени сектори уште повеќе се зголемува. Дисбалансот на пример на платите меѓу војската и полицијата е огромен и не е во ред, на штета на Армијата. Меѓутоа, вие сега со ова линеарно зголемување дополнително го направивте понеправедно. Буџетските дисбаланси внатре во буџетските корисници, на пример споредено образование со социјала или здравство се исто така големи.

Вие тие неправди на вработен човек во јавната администрација за иста работа да прима различни плати, ги зголемувате, наместо да ги хармонизирате. Има прекрасен проект со словенечката Влада што го работевме. Зошто го ставивте на страна. Реализирајте го.

Значи, на целосно нереформска основа правите зголемување на платите. Точно ќе ви потврдам како. Според Заводот за статистика, вашата владина институција до август месец, бројот на вработените во јавната администрација е зголемен, цитирам, точно за 3298 вработени. 3300 луѓе се вработиле господине министре. Со задоволство ќе ви оставам пет минути за одговор.

Значи, 3300 луѓе, според Заводот за статистика до август се вработени повеќе. При тоа, немојте да манипулирате со Рамковен договор. За Рамковниот договор видовме во одлуката. Три милиони денари не се реализирале. Остануваат непотрошени.

Значи, во овие 3300 луѓе, само 700 до 800 се по Рамковен договор. Другите 2500 се луѓе со партиска книшка од ВМРО-ДПМНЕ. Сакате конкретно. Во Владата во Генералниот секретаријат за 107 луѓе ви е зголемен бројот на редовните вработувања. Овие времените, како што е вашиот портпарол партиски Бичиклиски, за 140 е зголемен бројот на таквите. Меѓутоа, граѓаните треба да знаат дека исти се трошоците на Буџетот, бидејќи и за едните и за другите се плаќаат и плата и истите придонеси. Значи, потполно се исти трошоците во државниот Буџет. Значи, имаме 250 луѓе во Генералниот секретаријат, со кои што премиерот Груевски сега работи. Што прават тие луѓе? На кампањи ли се само ангажирани. Каде е бенефитот од нивното ангажирање. Во вашето Министерство за финансии? Ставката плати од 200 милиони ја зголемувате на 260 милиони. Со зголемување од 10% би било логично, таа да биде зголемена за 10%, за 20 милиони. Каде се 40 милиони повеќе. Ќе ви кажам. Нови вработувања планирате господине минстре. Во земјоделие, се зголемува

Буџетот за плати за 90%. Од 170 милиони на 300 милиони. Во Агенцијата за млади и спорт за 50%. Од 9 на 13 милиони. Во Фондот за здравство, институцијата што ја фалите како реформска, 10% досега сте го зголемиле бројот на вработените. Еве ви податоци: 2002 година го наследивме Фондот од ВМРО-вската Влада со 750 вработени. 2006 година ви го предадовме со 640 вработени. И што направивте? За 6 месеци плус 40 луѓе. 680 луѓе ви брои Фондот за здравство. На која основа? Значи, секаде енормно ги зголемувате вработените, секаде. А тоа е безмилосно трошење на пари на даночните обврзници. Се разбира, посебна приказна за ставката договорни услуги, каде што во сите ресори ја зголемувате исто така енормно и необјасливо, меѓутоа, за добриот читач на Буџетот тоа му е јасно, затоа што преку договорните услуги се исплаќаат оние кои се вработени преку Агенцијата за времено вработување.

Сега, не може, а да не дојдме до вашата омилена тема господине министер, потрошувачката кошничка, која не убедивте дека сега е поголема. Интересно е дека само вие поскапувањето на храната го објаснувате со глобални тенденции. Многу експерти и аналитичари во Македонија, за жал, не мислат така. И тоа го аргументираат на соодветен начин. Излегува според вас дека треба да бидеме среќни, според податоците што ги излоиживте, затоа што поскапувањето на храната во Македонија е најмало. Излегува дека ние треба да сме среќни и јас се надевам дека наредната кампања на Владата ќе биде зошто сме толку среќни поради помалите поскапувања и ќе бидат дадени компаративни податоци за САД, Германија, Бугарија, како што рековте и Македонија. И Македонецот треба да биде среќен, затоа што наспроти сите овие земји, кај него потрошувачката кошничка, или хараната расте најмалку. За жал, што се фактите? Никакви мерки нема во вашата макроекономска политика и во вашиот Буџет за неутрализирање или ублажување на овие ефекти од поскапувањето на храната. А имаше повеќе предлози. Генерално од опозицијата, само два одбивте од последните два месеци. Предлогот за намалување на акцизи, кој што ќе влијаеше позитивно на намалување на трошоците за производството и предлог законот на колегите од пратеничката група на СДСМ за енергетска сиромаштија, со која што барем малку ќе се ублажеше семејниот буџет.

Значи, поскапувањето, велите дека мерката што сте ја презеле 10% раст на платите, таа мерка важеше за изминатата година, затоа што 10% зголемување на платите господине министер ви се изедени од овие поскапувања. А допрва доаѓаат поскапувањата. Тие се однесуваат само на еден мал број од популацијата. Кажете ми како ќе ја намалите сиромаштијата кај преку 70 илјади корисници на социјална помош, кај кои што не е предвидено зголемување, а растат трошоците по сите основи. За 270 илјади пензионери, од кои што најголем дел преку половината земаат пензија од 5 илјади денари. Кај нив и да имате зголемување, како што предвидувате, тоа ќе биде 200 денари на месечно ниво. Како пензионерот со 200 денари покачување на месечно ниво ќе успее да одговори на ценовниот шок од поскапувањето. Значи, министре немате никакви мерки. Спомна и еден пратеник за очекувањата во делот трговија на мало, дека платите ќе се намалат. Така за жал, говорат и моите контакти со луѓето од трудоинтезивните дејности дека поради зголемениот импут, поради зголемените трошоци за кои што ви говорев, што ќе настане, лонг-производителите, за да ја одржат својата минимална конкуретност на европскиот пазар, ќе удрат по платите. Помали плати ќе имаат вработените во текстилната, во кожарската и чевларската индрустрија, особено. Сега сите тие луѓе треба со тие намалени плати да се соочат со овој бран на поскапувања. Значи, имате мерки за ублажување, меѓутоа, само за делот на луѓето од јавниот сектор. За оние луѓе што работат во приватниот сектор, особено за оние во трудо-интезивните гранки, немате никакви мерки и нивната ситуација во 2008 година со голема сигурност ќе се влоши.

Дозволете ми на крајот нешто и да пофалам, затоа што не е се така црно господине минстер, Има места и што заслужуваат каква таква пофалба во овој Буџет. Сакам да го поздравам зголемувањето на директната подршка на земјоделците. Наредната година е проектирање на 45 милиони евра и тоа е позиција во Буџетот што ЛДП ќе ја подржи, затоа што добро е што оваа Влада смогна сили она што беше неправда во текот на сите изминати години да биде поправено и земјоделската популација дел од колачот од буџетскиот колач го добие назад. Трака што, за ова зголемување, господине минстре имате подршка од ЛДП. Меѓутоа, се отвора прашањето дали и колку добро се таргетирани и дали ќе стигнат овие мерки до вистинските корисници.

На пример, и оваа година 2007 имаше значително покачување, меѓутоа, вие се уште не сте ги решиле тутунарите. Се уште како што аргументирано говореше колегата Герамитчиоски, не е исплатена премијата од 15 денари, иако, вашите кандидати за пратеници ветуваа по 60 денари на предизборните митинзи. Сега луѓето не можат да си ги добијат ни закониските 15 денари. Како е возможно со толку зголемен буџет, вие да не можете да исплатите ни 15 денари. А претходната Влада со толку мал Буџет, успеваше 15 денари да исплати. Има некој проблем тука. Како не можете со толку зголемен буџет за земјоделие да санирате штета во Валандовско. Луѓето после 6 месеци од штетата да блокираат патишта итн. Како е возможно со вака енормно зголемен Буџет. Значи, имате големи проблеми во раководењето со Буџетот и во стигањето на тие средства до точната адреса. Овие средства што на пример ги поделивте оваа година, иако беа зголемени, господине министер,

веќе се изедени. Не ги добија луѓето како реално зголемување. Зошто? Се зголеми нафтата, се зголеми енормно вештачкото ѓубриво, се зголеми сточната храна и овие субвенции што стигнаа, ефект од нив, за жал, нема никаков. Затоа, земјоделците се жалат. И мене до некаде не ми беше јасно, додека не излегов на терен, велам, зошто се жалите кога Владата го зголеми Буџетот за земјоделие. Меѓутоа, реално на теренот ако излезете од вашата канцаларија ќе го видите, тоа од канцаларија не се гледа, ќе го кажам тоа и на мојот пример, значи, јас од канцаларија не можам да го видам, меѓутоа, на терен го гледате, така што го поздравувам ова зголемување на Буџетот за земјоделие, меѓутоа, голем прашалник е дали реално на терен овие средства ќе стигнат таму каде требат и дали ако стигнат ќе ја подобрат реалната состојба на земјоделците.

Исто така, уште една работа што заслужува подршка е зголемувањето на Буџетот за образование на ниво од 5%. Тоа е добра мерка, тоа е мерка што треба да биде подржана, што ЛДП ќе ја подржи. Меѓутоа, дајте ве молам, уште еднаш добро размислете што ќе правите со тие пари. Каде одат тие пари. За жал, тие пари одат во најголем дел во узорпација на надлежностите на локалната самоуправа. Не е во ред, срамота е. 250 милиони денари да трошите за санитарните јазли. Тоа е работа на локалната самоуправа. Префрлете ги, дајдте и обврска, контролирајте ја локалната самоуправа, меѓутоа, тоа не е работа на Владата да го врши тоа. Затоа, пред млаку кога говорев за целосната колонизација што ја врши Владата. Се сака Владата да контролира и се таа да троши. Тоа не е демократско општество. Не може така господине минстер. Значи, ќе трошите за санитарни јазли, за клупи и столчиња итн. Тие пари дајдте им ги на локалните самоуправи. Верувајте, поефикасно, подобро, поконструктивно ќе ги потрошат.

И на крајот да завршам со тоа, кога говориме за децентрализацијата, децентрализацијата за жал, само формално е ваш приоритет. Нема понатаму реална фискална децентрализација. Не случајно градоначалникот на Скопје Трифун Костовски, кој што навистина се покажа дека е неспособен да го раководи градот, меѓутоа, во едно има право. Не влегува во втората фаза на децентрализација фискална, затоа што таа е фарса. И тоа беше добро аргументирано.

Она што исто така е позначајно и што е понижување на Парламентот, зошто господине министре го носевме Законот за рамномерен регионален развој, ако вие никаде не сте предвиделе средства за реализација на тој закон во Буџетот. Да ве потсетам, 1% од бруто домашниот производ, треба да оди за рамномерен регионален развој. Каде ви се тие средства. Ништо нема од тоа. Напротив, и понатаму не сакате, ги држите општините на краток ланец, не им го давате управувањето со градежното земјиште. Експлицитна препорака ви е од Европската унија. Меѓутоа, вашите претставници од Владата велат нема шанси. Тоа не го даваме. Зошто? Затоа што е тоа златна кокошка за Владата и за манипулација и за носење на такви, божем странски инвеститори, како што беше хотелскиот плац позади Рамстор, а се покажува дека се тоа всушност, домашни факмани блиски до ВМРО-ДПМНЕ. Затоа не го давате тоа на единиците на локалната самоуправа затоа го држите тоа и никако не го пуштате и покрај критиките од Европската унија. Убеден сум во тоа дека со вакво држење на краток ланец на општините, нема со ништо да придонесете за натамошната демократизација на нашата држава.

Поставив доста прашања, се надеваме господине министер дека во текот на расправата, барем на дел од нив ќе ми одговорите. Благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Повелете господине миистре.

**Трајко Славески:** Навистина сакав со збор да му одговорам нна големиот број прашања, констатации и тези на господинот Манасијевски, но затоа што зборуваше цели два час, тој тоа го оневозможи. Седницата завршува за пет минути. Нема и сега да земам збор, ќе барам реплика, ќе оставам господинот Манасијевски на истата седница да може да ми одговори.

Значи, сепак имам разбирање.

Господине Манасијевски, поранешен министер за труд и социјална политика, лидер на политичка партија, заслужува поголемо внимани и затоа сакав да земам збор, но вие тоа ми го ускративте. Утре нема да се јавам, или во некои од наредните денови на друга седница, во друг контекст да одговорам на вашите тези.

Само да изнесам неколку коментари. Вие бевте министер за труд и социјална политика. Сега предлагате намалување на придонесите, дури и за пензиско и инвалидско осигурување, а ние ќе ве прашаме зошто тоа не го направивте, кога бевте вие министер за труд и социјална политика. Напротив, тогаш имаше зголемување на придонеси. Сега кога знаете дека Владата на Република Македонија годишно во Буџетот, кој што ви е предложен, одвојува 6 милијарди денари, или 100 милиони евра за подршка на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во рамките на реформите, со воведување на вториот пензиски столб, вие предлагата намалување на ставките. Добро, и тоа ќе го разгледаме. Но прашање е зошто вие тоа не сте го направиле кога сте имале можност.

Сакам да коментирам во однос на вашата теза дека наводно, зголемените буџетски приходи се должат на зголемено даночно оптоварување. Никого на светот не можете да убедите дека со намалени даночни стапки се остварува поголемо или зголемено даночно оптоварување. Тоа не е точно.

Господине Манасијевски, зголемените приходи доаѓаат од таму што ние успеавме и со

мотивација и со примена на законските прописи, оние што не плаќаат данок, да го плаќаат. Голем дел од вашите подржувачи, сега најверојатно се засегнати од ова и тие чуствуваат зголемено даночно оптоварување. Сигуно ќе биде зголемено, ако сте избегнувале, ако сте биле толерирани. Ако сте биле фаворизирани затоа што сте давале политичка подршка на една партија. Не само политичка, туку и материјална. А сега, треба да плаќате даноци, како и сите други даночни обврзници во Република Македонија ќе тежи даночно оптоварување. Некои од вашите подржувачи за прв пат сега почнуваат да плаќаат данок. Најверојатно би сакал да верувам зарди пониските даночни стапки.

Толку ќе ви оставам време да одговорите, ако имате нешто да одговорите.

**Бесим Догани:** Благодарам господине минстер.

Контра реплика има господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Значи, намалувањето на придонесот, услови за намалување на придонесите се создаваат господине министре, тогаш кога ќе ја зголемите наплатата. 2006 година ја зголемивме наплатата на придонеси во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за цели 10%. Вие сега тој процент го урнавте. Значи, да продолжевте, како што работеше претходната Влада, вие ќе имавте средства за исто толку 10% да го намалите пензискиот придонес. И во времето на претходната Влада беа изведени исклучително комплицуваните пензиски реформи без ниедна грешка совршено. Тоа ако сте конструктивен треба да го признаете.

Во однос на зголменото даночно оптоварување, вас господине минстре не може некој и да ве пофали. Вам господинот Ивановски ви ги даде таквите критики. Јас делумно ве критикувам на таа основа и дојдете господине Славески со мене во било која тродо-интезивна фирма заедно да одиме ќе видите дека повеќе даноци плаќаат. Трошоците за производство им се зголемени. Било која по ваш избор тудо-интезивна фирма. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Тука почитувани пратеници, ја прекинувам денешната седница. Утре во 12,00 часот продолжуваме со новата 86 седница, а по нејзиното завршување ќе продолжиме со денешнава 88 седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)